ПРЕДЛАГАЧ: ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕТСТАВНИЦИ:
МУАМЕТ ХОЏА, МИНИСТЕР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
АНЕ ЛАШКОСКА, ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

ПОВЕРЕНИЦИ:

СЕЉАТИН БЕЉУЛИ, ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
БИЛЈАНА ПЕТКОСКА, РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

СКОПЈЕ, АВГУСТ 2026

ВОВЕД

1. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) се уредуваат правата и должностите на Република Северна Македонија, на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Со процесот на отпочнување на преговорите со ЕУ се наметна потребата од усогласување со Европското законодавство и воспоставување на правна рамка за негова примена, што конкретно се однесува и на Директивата 2014/52/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 16 април 2014 за изменување на Директивата 2011/92/ЕУ за оцената на влијанијата на одредени јавни и приватни проекти врз животната средина донесена од Европскиот парламент и на Советот на Европа на 13 декември 2011 година.

Според законодавството на Европската унија со оваа Директивата се хармонизираат начелата за оцена на влијанијата врз животната средина на проекти преку воведување минимални барања, во самите проекти кој се оценуваат, главните обврски на носителите на проектите, учеството на надлежните органи и на јавноста, а тоа придонесува за зголемување на нивото на заштита на животната средина и човечкото здравје.

Со донесување на Законот за животната средина ќе се овозможи:

- зачувување, обновување и унапредување на квалитетот на животната срдина;
- обезбедување висок степен на заштита на животот и здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност и деградација на екосистемите;
- рационално и одржливо користење на природните богатства;
- зачувување на вредноста на културното наследство за општеството;
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми во животната средина;
- воспоставување на еквивалетни барања за заштита на животната средина за сите видови проекти, согласно влијанието што го имаат од вршењето на дејноста или активноста;
- намалување, избегнување и спречување на ризици од настанување големи несреќи и/или катастрофи со импликации за веројатноста од значајни штетни влијанија врз животната средина и
- и зајакнување на транспарентноста и јавниот пристап до информации за животната средина.

Истотака во овој предлог закон се врши дополна на висина на надоместоците за увоз и извоз и надоместок за правни и физички лица што ја загадуваат животната средина со користење на пловни објекти и трактори, и дефинирање на супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка согласно Монтрелскиот пророкол.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ ЗАКОН

Основни цели на Предлогот на Законот за животната средина е транспонирање на Директивата 2014/52/ЕУ со што ќе се зајакне квалитетот на постапката за оцена на влијание врз животната средина односно ќе се осигура дека заштитата на животната средина е подобрена, ефективноста на ресурсите е зголемена и одржливито развој е подржан.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон за изменување на Законот за животната средина нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на Закон за изменување на Законот за животната средина нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. Преглед на законите што треба да се изменат и прописите што треба да се донесат за спроведување на законот.

(*) Со овој закон се врши усогласување со Директивата 2014/52/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 16 април 2014 година, со која се изменува Директивата 2011/92/ЕУ за оцена на влијанието од одредени јавни и приватни проекти врз животната средина (CELEX бр.32014L0052).

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (*)

Член 1

Во Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25) во членот 5 алинеја 2 точката 30 се менува и гласи:
„Проект е документ со кој се анализираат и/или се дефинираат нацрт решенија и шеми за интервенции и/или користење на животната средина или на нејзините природни и создадените вредности, вклучувајќи ги оние на искористување на минерални суровини или со кој се уредува изградбата (реконструкција, проширување или затварање) на еден или повеќе временски (во фази) и/или просторно поврзани објекти или инсталации, како и спроведување на други дејности и активности (вклучително и работи на уривање и демонтирање);“.

Точката 32 се менува и гласи:
„Оцена на влијанието врз животната средина е процена на можните влијанија на проекти и планирани активности врз животната средина која се состои од фазите утврдени во член 79 став (1) од овој закон;“.

Во алинејата 7 точката 60 се менува и гласи:
„Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка е меѓународен договор за заштита на стратосферската озонска обвивка со забрана или ограничување на производство и потрошувачка на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и предизвикуваат глобално затоплување, при што супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка се утврдени во Анексите А, Б, Ц, Д, Е и Ф од Монтреалскиот протокол;“.

По точката 60 се додаваат две нови точки 60-а и 60-б кои гласат:
„60-а. Потенцијал на глобално затоплување е потенцијалот на глобално затоплување на гасовите кои имаат ефект на стаклена бавча спореден со потенцијалот на глобално затоплување на јаглерод диоксид, кој се пресметува како потенцијал на глобално затоплување на еден килограм на гас кој има ефект на стаклена бавча во период од 100 години во однос на еден килограм на јаглерод диоксид;
60-б. Систем за детекција на истекување е калибриран механички, електричен или електронски уред за детекција на истекување на супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, кој по детекција на истекување испраќа соодветно предупредување;“.
Во точката 62 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.
Во точката 63 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.
По точката 63 се додава нова точка 64 која гласи:
„64. Стручен орган надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата е посебна организациона единица во рамките на стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина од точката 63 на овој член.“.

Член 2

Во член 20 став (1) во алинејата 2 зборовите „или реконструкција“ се бришат.

Член 3

(*) Со овој закон се врши усогласување со Директивата 2014/52/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 16 април 2014 година, со која се изменува Директивата 2011/92/ЕУ за оцена на влијанието од одредени јавни и приватни проекти врз животната средина (CELEX бр.32014L0052).

Насловот на членот 22-а и членот 22-а се менуваат и гласат:

„Член 22-а

Постапување со супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка

„(1) Правното лице односно трговец поединец кое врши увоз и/или извоз на супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка (во понатамошниот текст: супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол) и/или на производи кои содржат супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол треба да поседува дозвола за увоз и/или извоз на супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол и/или на производи кои содржат супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол, која ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Правното лице односно трговец поединец кое врши увоз може да продава супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол само на лица кои поседуваат лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење од член 22-б од овој закон.

(3) Супстанциите од списокот на Монтреалскиот протокол и/или производите кои содржат супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол може да се ставаат во промет само доколку се јасно и трајно означени директно на производот на македонски јазик, на начин што укажува на видот на супстанцијата, нејзиниот ефект врз животната средина и постапката за правилно ракување. Означувањето го спроведува производителот, увозникот или дистрибутерот, согласно начинот пропишан во став (4) на овој член од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Начинот на означување на супстанциите од списокот на Монтреалскиот протокол и/или на производите кои содржат супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол се пропишува од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(5) Правното лице односно трговец поединец од ставот (1) на овој член еднаш годишно, најдоцна до 1 март во тековната година, доставува извештај за претходната година за увезените и/или извезените супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол и/или производи кои содржат супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и начинот на доставување на извештајот од ставот (5) на овој член за увезени и/или извезени супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол и/или за производите кои содржат супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол.“.

Член 4

Членот 22-б се менува и гласи:

,,(1) Со средствата за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење се постапува на начин со кој се спречува ослободување на опасни супстанции штетни по животната средина и се обезбедува нивно редовно одржување и спречување на истекувањата.

(2) Со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење може да постапува лице кои поседува лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење (во натамошниот текст: лиценца).

(3) Лиценцата ја издава стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина за временски период од пет години врз основа на поднесено барање од правно лице, односно трговец поединец.

(4) Формата и содржината на лиценцата од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(5) Два месеца пред истекот на временскиот период на важноста на лиценцата од ставот (3) на овој член, носителот на лиценцата е должен да поднесе барање за продолжување на истата.
(6) Лиценцата се издава во категории во зависност од видот на средствата за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење и активностите кои се преземаат при сервисирање и инсталација на истите.
(7) Лиценца може да добие правно лице или трговец поединец.
(8) Правно лице, односно трговец поединец може да се стекне со лиценца во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето доколку ги исполнува следниве услови:
- има простор и опрема за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење вклучувајќи опрема за собирање, обновување и рециклирање;
- има вработено најмалку едно лице кое има уверение за положен стручен испит за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење или има завршено високо образование од областа на техничките науки и
- е регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија.
(9) Лиценцата од ставот (2) на овој член се одзема доколку лицето не поднело барање за продолжување на лиценцата во рокот од ставот (5) на овој член, како и доколку престане да ги исполнува условите од ставот (8) на овој член.
(10) Барањата кои треба да ги исполнуваат просторот и опремата за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење вклучувајќи опрема за собирање, обновување и рециклирање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(11) Доказот за исполнување на условот од ставот (8) алинеја 3 на овој член, го прибавува овластеното службено лице од стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да го побара доказот од надлежниот јавен орган.
(12) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од ставот (8) алинеја 3 на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(13) Правното лице, односно трговец поединец кое постапува со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење до стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина, најдоцна до 1 март во тековната година, доставува извештај за претходната година за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење со кои постапувал.
(14) Правното лице, односно трговецот поединец кое поседува средства за ладење и/или производи од ставот (1) на овој член, е должно најмалку еднаш годишно, во зависност од количината на супстанцијата во опремата, да преземе превентивни мерки односно да врши проверка на истекувања на супстанциите, како и да врши нивно собирање, обновување и рециклирање.
(15) Превентивните мерки со проверување на истекувања на супстанции од ставот (14) на овој член вклучуваат:
- проверка на опремата која содржи супстанции во количина од три или повеќе килограми еднаш годишно,
- проверка на опремата која содржи супстанции во количина од 30 или повеќе килограми на секои шест месеци,
- проверка на опрема која содржи супстанции во количина од 300 или повеќе килограми на секои три месеци,

- санирање на секое откриено истекување колку што е можно побрзо, но не подоцна од 14 денови од денот на истекувањето,
- проверка на опремата од истекувања во рок од еден месец по санирањето на истекувањето за да се осигура дека поправката има ефект,
- евиденција на проверките на истекувањата од опремата и
- означување на опремата.

(16) Евиденцијата од ставот (15) алинеја 6 на овој член се води на образец во хартиена форма за проверка на истекувањата од страна на правното лице односно трговец поединец кое поседува средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење.

(17) Правното лице односно трговец поединец кое поседува средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење задолжително ја означува опремата која ја поседува согласно со ставот (15) алинеја 7 на овој член.

(18) Формата и содржината на евиденцијата од ставот (16) на овој член и начинот на вршење на проверката на истекувањата од ставот (15) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(19)Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува техничките барања и начинот на вршење на детекција и контрола на истекувањата на супстанциите од ставот (15) на овој член.

(20) Издадените, одземените и продолжените лиценци, како и лиценците кои престанале да важат се евидентираат во Регистарот на лиценци кој го води и одржува стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина и истиот се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(21) Категориите на лиценците од ставот (6) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина врз основа на видот на активностите за постапување со средства за ладење и/или производите кои содржат средства за ладење.

(22) Начинот на собирање, обновување и рециклирање на средствата за ладење го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(23) Формата, содржината и начинот на доставување на извештајот од ставот (14) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(24) Формата и содржината на Регистарот од ставот (20) на овој член, како и начинот на неговото водење, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(25) Барањата од ставовите (3) и (5) на овој член и доказите од ставот (7) на овој член можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(26) По исклучок од ставот (25) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањата од ставови (3) и (5) на овој член и доказите од став (7) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето/надлежниот орган, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 5

Во член 22-в во ставот (3) зборовите „10 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите „12.000,00 денари“.

Член 6

Во член 22-ѕ по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

,,(3) Барањето од ставот (1) на овој член и доказите од ставот (2) на овој член може да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од ставот (1) на овој член и доказите од ставот (2) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето/надлежниот орган, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 7

Во член 22-и по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

,,(3) Решението од ставот (2) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (2) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 8

Во член 22-к ставот (6) се менува и гласи:

,,Во просторијата за полагање на првиот дел од испитот, за време на полагање на испитот треба да се присутни тројца претставници од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.”.

Член 9

Во член 22-л по ставот (8) се додаваат два нови става (9) и (10) кои гласат:

,,(9) Решението од ставот (6) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(10) По исклучок од ставот (9) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (6) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 10

Во член 22-љ по ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7) кои гласат:

,,(6) Решението од ставот (2) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (2) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 11

Во член 22-у по ставот (8) се додаваат два нови става (9) и (10) кои гласат:

,,(9) Решението од ставот (7) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(10) По исклучок од ставот (9) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (7) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 12

Во член 24 по ставот (13) се додаваат десет нови става (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21), (22) и (23) кои гласат:

„(14) За елаборатите од ставовите (4) и (5) на овој член, за кои согласно Законот за заштита на природата се врши оцена на влијанието врз природата, пред одобрување или одбивање на елаборатот за заштита на животната средина задолжително се прибавува мислење за оцена на влијанието на проектот врз природата.

(15) Начинот на издавањето на мислењето од ставот (14) на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(16) Инвеститорот кој е носител на решението за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина согласно став (7) на овој член, може да го пренесе спроведувањето на проектот на друго лице, кое ги презема сите права и обврски кои произлегуваат од решението за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина и е одговорно за нивна имплементација.

(17) Пренесувањето од ставот (16) на овој член е дозволено, доколку нема промени во проектот.

(18) Правните лица, или физички лица кои вршат дејности и активности определени со прописите од ставовите (4) и (5) на овој член и во член 95 став (1) од овој закон, а за кои не постои обврска за Б-интегрирана еколошка дозвола, се должни да достават нов елаборат за заштита на животната средина на секои седум години од денот на донесувањето на решението за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина.

(19) При поднесување на елаборатите за заштита на животната средина од ставот (18) на овој член, заради изминат рок од седум години задолжително се приложува и претходното решение за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина.

Елаборатот за заштита на животната средина го чува инвеститорот во рок од седум години од денот на донесувањето на решението за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина.

(20) Елаборатите за заштита на животната средина треба да бидат изготвени од лице кое има високо образование од областа на техничките, техничко-технолошките, природно-математичките, биотехничките, земјоделските или шумарските науки (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со најмалку 240 ЕКТС кредити) или експерт за оцена на влијанието врз животната средина од Листата на експерти за оцена на влијание на проекти врз животната средина од член 85 став (1) од овој закон.

(21) Решението од ставот (7) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(22) Жалбата од ставот (10) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(23) По исклучок од ставовите (21) и (22) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (7) на овој член и жалбата од ставот (10) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.".

Член 13

Членовите 28-а, 28-б, 28-в и 28-г се бришат.

Член 14

Во член 29 по ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11) кои гласат:

,,(10) Барањето од ставот (4) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) По исклучок од ставот (10) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од ставот (4) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето/надлежниот орган, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.".

Член 15

Во член 40 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Податоците и информациите од ставот (4) на овој член се доставуваат во електронска форма и/или се внесуваат во Информативниот систем преку Македонскиот информативен центар за животна средина.".
Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

Член 16

Во член 40-а во ставот (1) зборовите „став (5)“ се заменуваат со зборовите ,,став (6)“
Ставот (3) се менува и гласи:
„Податоците и информациите од ставот (2) на овој член, се доставуваат во писмена, визуелна, аудио, електронска и/или во која било друга форма, врз основа на барањето од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“.
По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7) кои гласат:
,,(6) Податоците и информациите од ставот (2) на овој член може да бидат доставени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, податоците и информациите од ставот (2) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето/надлежниот орган, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 17

Членот 45 се менува и гласи:

„(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина секоја година изготвува годишен извештај за квалитет на животната средина во Република Северна Македонија.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во соработка со другите органи, организации и институции кои поседуваат податоци од областа на животната средина, секоја втора година изготвува извештај за состојбата на животната средина со индикаторски пристап (во натамошниот текст: индикаторски извештај). Индикаторскиот извештај е достапен на јавноста во согласност со одредбите од Главата VIII од овој закон.
(3) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член и индикаторскиот извештај од ставот (2) на овој член ги усвојува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија за информирање.
(4) Општините во градот Скопје и градот Скопје изготвуваат годишен извештај за квалитет на животната средина на нивното подрачје. Извештајот е достапен на јавноста во согласност со одредбите од Главата VIII од овој закон.
(5) Градоначалникот на општината, на општините во градот Скопје и на градот Скопје го доставува извештајот од ставот (4) на овој член, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, за одобрување.
(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е надлежен за публикување и дистрибуција на индикаторскиот извештај од ставот (2) на овој член.

(7) Средствата за изготвување и публикување на индикаторски извештај од ставот (2) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање и други извори на средства утврдени со закон.“.

Член 18

Во членот 53 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6) кои гласат:

,,(5) Барањето од ставот (1) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од ставот (1) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето/надлежниот орган, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 19

Во член 54 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

,,(3) Решението од ставот (1) алинеја 2 на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (1) алинеја 2 на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 20

Во член 55 по ставот (9) се додаваат три нови става (10), (11) и (12) кои гласат:

„(10) Решението од ставот (6) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Жалбите од ставовите (7) и (8) на овој член може да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(12) По исклучок од ставовите (10) и (11) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (6) на овој член и жалбите од ставовите (7) и (8) на овој член во форма на електронски документ се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на

подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 21

Во членот 65 по ставот (20) се додаваат пет нови става (21), (22), (23), (24) и (25) кои гласат:

„(21) Одлуката од ставот (6) на овој член, формуларите од ставот (20) на овој член и другите придружни документи од ставот (12) на овој член, можат да бидат доставени во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

(22) Одлуката од ставот (6) на овој член, формуларите од ставот (20) на овој член и другите придружни документи од ставот (12) на овој член, како и решенијата од ставовите (13) и (15) на овој член, можат да бидат доставени и во форма на електронски документ на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(23) Жалбите од ставовите (11) и (17) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(24) По исклучок од ставот (22) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, одлуката од ставот (6) на овој член, формуларите од ставот (20) на овој член и другите придружни документи од ставот (12) на овој член, како и решенијата од ставовите (13) и (15) на овој член во форма на електронски документ се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(25) По исклучок од ставот (23) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, жалбите од ставовите (11) и (17) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 22

Во член 76 ставот (2) се менува и гласи:

„Оценувањето од ставот (1) на овој член во секој поединечен случај опфаќа определување, опис и процена на директни и индиректни влијанија кои ги има или би можел да ги има проектот при неговата изведба, работење и престанок со работа, врз следните елементи:

- населението и здравјето на луѓето и биолошката разновидност во согласност со Законот за заштита на природата;
- земјиштето,  почвата, водата, воздухот и климата;
- културното наследство и материјални добра и пределот и
- меѓусебните влијанија на елементите од алинеите 1, 2 и 3 на овој став.“.

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

„(3) Влијанијата врз елементите од ставот (2) на овој член опфаќаат очекувани влијанија кои би можел да ги има проектот во однос на големи несреќи и/или катастрофи, а кои се релевантни за конкретниот проект.

(4) Оцената на влијанието врз животната средина се врши пред донесувањето на актот со кој се одобрува спроведувањето на проектот. Доколку одобрувањето на проектот се врши во повеќе фази, оцената на влијанието врз животната средина се спроведува во најраната, односно првата фаза на одобрување на проектот.“.

Член 23

Во член 77 ставот (2) се менува и гласи:
„Потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина за генерално определените проекти од ставот (1) на овој член, се утврдува со испитување на секој одделен случај, врз основа на карактерот, обемот и локацијата согласно со критериумите од ставот (1) на овој член а, имајќи ги во предвид елементите од членот 76 став (2) од овој закон, како и најновите научни и технички сознанија и решенија во прописите со кои се определуваат најниските граници на емисии во животната средина.“.

Член 24

Во членот 78 ставот (1) се менува и гласи:
„Владата на Република Северна Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, може да донесе одлука, испитувајќи од случај до случај да не се врши оцена на влијанието врз животната средина, во целост или делумно за проектите чија единствена цел е воена одбрана на Република Северна Македонија или за проекти чија единствена цел е справување со вонредни состојби од цивилен карактер, доколку вршењето на оцената на влијанието врз животната средина би имало негативно влијание врз остварувањето на тие цели.“.

Ставот (2) се менува и гласи:
„Одлуката од ставот (1) на овој член во рок од пет дена од денот на нејзиното донесување се објавува на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија, на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, на органот на државната управа надлежен за работите од областа на одбраната, како и на општината во која се реализира проектот.“.
Ставот (3) се менува и гласи:
„Владата на Република Северна Македонија ја објавува одлуката од ставот (1) на овој член заедно со информациите за:
- образложение за донесување на одлуката;
- опис на влијанието на проектот врз животната средина согласно елементите утврдени во член 76 од овој закон и
- адреса и е-пошта каде што можат да се доставуваат забелешки, мислења и предлози.“.
Ставот (6) се менува и гласи:
„Против одлуката на Владата на Република Северна Македонија од ставот (1) на овој член може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд од страна на засегнатото лице, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување.“.
Ставот (7) се брише.

Член 25

Членот 79 се менува и гласи:
„(1) Постапката за оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во следните фази:
1) подготовка на студија за оцена на влијанието врз животната средина од страна на инвеститорот;
2) спроведување на консултации со јавноста и засегнатите органи и таму каде што е потребно и прекугранични консултации;
3) испитување од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или од лица овластени од страна на истиот кои што се

наоѓаат во Листата на експерти за оцена на влијание на проекти врз животната средина од членот 85 став (1) од овој закон на податоците доставени во студијата за оцена на влијанието врз животната средина, како и на секоја дополнителна информација обезбедена од страна на инвеститорот на барање на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и на сите релевантни информации добиени во рамки на консултациите со јавноста и засегнатите страни и од прекугранични консултации доколку се спроведени и подготовка на извештај за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина;
4) донесување на решение од органот на државната управа надлежен за работите од животната средина за значајното влијание на проектот врз животната средина, при тоа земајќи ги во предвид резултатите од испитувањето на точката 3) на овој став и таму каде што е соодветно дополнително испитување од органот на државната управа надлежен за работите од животната средина со образложение за причините за донесување на одлуката и
5) интегрирање на решението од точката 4) на овој став преку вклучување на неговата содржина и условите во актите за спроведување на проектот од член 5 точка 33 од овој закон.
(2) При спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина се земаат во предвид подготовката, изведувањето, спроведувањето и престанувањето со реализација на проектот, вклучувајќи ги и резултатите и влијанието од завршувањето на проектот, отстранувањето на загадувачките супстанци и враќање на засегнатото подрачје во поранешната состојба, доколку таа обврска е предвидена со посебни прописи и нормалното функционирање на проектот, како и можностите за хаварии.
(3) Влијанието на проектот врз животната средина се оценува во согласност со одредбите од овој закон, како и согласно стандардите за најдобра меѓународна практика во спроведувањето на постапката за оцена на влијанието врз животната средина.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за животната средина донесува упатство за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина.
(5) Покрај упатството од ставот (4) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа за животната средина, согласно меѓународни практики, донесува и детални упатства за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина за проектите од областа на енергетиката (производство, суровини, пренос, складирање, мрежи и сл.), рударството, како и за проектите од други области за кои се спроведува оцена на влијанието врз животната средина.
(6) Упатствата од ставовите (4) и (5) од овој член се ажурираат и ревидираат најмалку еднаш во период од седум години согласно нови технички и научни сознанија и меѓународна практика во спроведувањето на постапките за оцена на влијанието врз животната средина.“.

Член 26

Членот 80 се менува и гласи:
„(1) Секое правно и физичко лице кое има намера да спроведува проект за кој постои веројатност дека е опфатен со членот 77 и членот 78 став (1) од овој закон (во натамошниот текст: инвеститор) е должно, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да поднесе известување за намерата за спроведување на проектот, во кое ќе ја наведе и потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(2) Во случај кога се работи за проекти опфатени со членот 77 и членот 78 став (1) од овој закон, кои се опфатени и со прописот од член 24 став (4) од овој закон, инвеститорот

е должен најпрво да поднесе известување за намерата за спроведување на проектот согласно став (1) на овој член.
(3) Инвеститорот, известувањето од ставот (1) на овој член го поднесува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во писмена и во електронска форма и истото треба да содржи геопросторни податоци на проектниот опфат во електронска форма (DWG, SHP и ГИС формат во државен координатен систем).
(4) За проектите од ставот (1) на овој член, за кои согласно прописите од областа на заштита на природата е потребно да се врши оцена на влијанието врз природата, инвеститорот е должен кон известувањето од ставот (1) на овој член да приложи мислење за оцена на влијанието на проектот врз природата согласно прописите од областа на заштита на природата.
(5) Инвеститорот за проектите од ставот (1) на овој член, за кои согласно прописите од областа за заштита на природа е потребно да се врши оцена на влијание врз природата, пред да го поднесе известувањето од ставот (1) на овој член, е должен до стручниот орган надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата да поднесе барање за мислење за оцена на влијанието на проектот врз природата согласно прописите од областа на заштита на природата.
(6) Стручниот орган надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата во случаите од ставот (5) на овој член, согласно прописите од областа на заштита на природата издава мислење со кое се оценува влијанието на проектот врз природата односно дали проектот е прифатлив, при што издава мислење за спроведувањето на проектот или мислење за неспроведувањето на проектот.
(7) Начинот на издавање на мислењето од ставот (6) на овој член и членот 86 став (7) од овој закон, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(8) Доколку инвеститорот во прилог на известувањето од ставот (4) на овој член, не достави известување за оцена на влијанието на проектот врз природата, а врз основа на доставеното известување за намерата за спроведување на проектот од ставот (1) од овој член не може да се увиди дали проектот е предмет на оцена на влијанието врз природата, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја прекинува постапката се до добивање на мислењето од ставот (6) на овој член.
(9) Доколку стручниот орган надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издаде негативно мислење со кое се оценува влијанието на проектот врз природата со кое го одбива спроведувањето на проектот поради неговото влијание врз природата согласно ставот (6) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја запира постапката за известување за намерата за изведување на проектот.
(10) Доколку стручниот орган надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издаде позитивно мислење со кое се оценува влијанието на проектот врз природата и со кое го одобрува спроведувањето на проектот, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја продолжува постапката по известувањето за намерата за спроведување на проектот.
(11) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (1) на овој член, го известува инвеститорот за потребата од дополнување на известувањето во случај на недоставување на потребните податоци.
(12) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од пет дена од денот на комплетирањето на известувањето од ставот (1) на овој член, да го објави на начин определен во членот 90 став (1) точка 1) од овој закон.
(13) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува информациите што треба да ги содржи

известувањето за намерата за спроведување на проектот од ставот (1) на овој член, како и придружната документација која треба да се достави во прилог на известувањето.
(14) Информациите кои треба да ги содржи известувањето од ставот (1) на овој член, треба да бидат основа за органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да може да ја утврди потребата од оцена на влијанијата на проектот врз животната средина, а имајќи го предвид предметот на оцената на влијанијата врз животната средина определен согласно член 76 од овој закон.
(15) Инвеститорот во текот на целата постапка е должен да ги почитува одредбите на прописите за заштита на правото на интелектуална сопственост.
(16) Во известувањето од ставот (1) на овој член, инвеститорот може да даде опис на секоја карактеристика на проектот, како и да предложи мерки со кои ќе се предвиди или ќе се избегне или ќе се спречи значително негативно влијание врз животната средина.“.

Член 27

Членот 81 се менува и гласи:
„(1) Постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина се врши за проекти определени согласно со членот 77 од овој закон.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го пропишува начинот на утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ја заврши постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетното известување, согласно членот 80 од овој закон.
(4) Во случаи кога се применуваат нови технологии, рокот утврден во ставот (3) на овој член може да се продолжи, но не повеќе од 90 дена од денот на приемот на комплетното известување од членот 80 од овој закон. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да го извести инвеститорот за продолжување на рокот, при тоа наведувајќи ги причините за продолжување на рокот.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина врз основа на податоците доставени од инвеститорот со решение ја определува потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина односно со решение ќе утврди дека нема потреба од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, при тоа наведувајќи ги главните причини за донесување на решението согласно критериумите определени во член 77 од овој закон. Врз основа на решението, инвеститорот го поднесува барањето за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина од став (10) на овој член.
(6) Во случаите од ставот (5) на овој член, кога ќе се донесе решение дека не е потребна оцена на влијанието на проектот врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја утврдува потребата од изработка на Елаборат за заштита на животната средина согласно член 24 од овој закон.
(7) Решението од ставот (5) на овој член се објавува во рок од пет работни дена од денот на неговото донесување, на начин определен во членот 90 став (1) точка 2) од овој закон.
(8) Решението од ставот (5) на овој член престанува да важи, доколку во период од две години од денот на неговото донесување, не е доставена студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, при што се донесува решение за престанок на важењето на решението од став (5) на овој член од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(9) Против решението од ставот (5) на овој член инвеститорот, засегнатите правни и физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување

во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен во рок од осум дена од денот на приемот, односно објавувањето на решението.
(10) Правното и физичкото лице од членот 80 став (1) од овој закон, може при поднесувањето на известувањето за намерата за изведување на проектот истовремено да поднесе и барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина.
(11) Во случаите од ставот (10) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение во кое е содржано и мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина од членот 82 од овој закон.
(12) Во случаите кога е донесено решение со кое се утврдува обемот на студијата, инвеститорот е должен да ја изготви студијата за оцена на влијанието врз животната средина во согласност со обемот утврден во мислењето од решението од став (11) на овој член.
(13) Решенијата од ставовите (5) и (11) на овој член може да бидат доставени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(14) Жалбата од ставот (9) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(15) Барањето од ставот (10) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(16) По исклучок од ставовите (13), (14) и (15) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решенијата од ставовите (5) и (11) на овој член, жалбата од ставот (9) на овој член и барањето од ставот (10) на овој член во форма на електронски документ се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.".

Член 28

Членот 83 се менува и гласи:
„(1) Инвеститорот е должен да ја подготви студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина потребна за спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и да ја достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во писмена и во електронска форма.
(2) Инвеститорот кој ја подготвува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ангажира најмалку едно лице од Листата на експерти за оцена на влијание на проекти врз животната средина од членот 85 став (1) на овој закон, кое ја потпишува студијата како одговорно лице за нејзиниот квалитет. Доколку студијата се изработува од повеќе лица, други експерти или правно лице, инвеститорот назначува најмалку едно лице од Листата на експерти за оцена на влијание на проекти врз

животната средина од членот 85 став (1) на овој закон кое ја потпишува студијата како одговорно лице за нејзиниот квалитет.
(3) Органите на државната управа, органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје кои поседуваат информации релевантни за изработката на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, се должни тие информации, на барање на инвеститорот, да му ги направат достапни, во согласност со член 51 став (1) и член 53 од овој закон.
(4) Во рок од пет работни дена од денот на приемот, односно комплетирањето, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја објавува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на начин определен во членот 90 став (1) точка 3) од овој закон и ја доставува за консултации до општината или градот Скопје на чиешто подрачје треба да се спроведува проектот и доколку е потребно согласно член 80 став (6) од овој закон, до стручниот орган надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.
(5) Секое лице, органите на државната управа, градоначалниците на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, можат да го достават своето мислење, во писмена форма, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(6) Рокот за консултациите од став (4) на овој член не може да биде пократок од 30 дена и не подолг од 45 дена од денот на објавувањето на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(7) Доколку надлежните органи не достават мислење во рокот утврден во ставот (5) на овој член, се смета дека немаат забелешки.
(8) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не е обврзан да ги земе предвид мислењата доставени по истекот на рокот од ставот (6) на овој член.
(9) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина утврди дека доставената студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина не ги содржи барањата пропишани согласно со членот 84 од овој закон, му ја враќа на инвеститорот и определува рок за дополнување или преработка, што не може да биде подолг од 40 дена, почнувајќи од денот на приемот на студијата.
(10) Ако инвеститорот не ја дополни студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во согласност со ставот (9) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение за запирање на постапката за оцена на влијанието врз животната средина, кое во рок од пет дена од денот на неговото донесување го доставува до инвеститорот.
(11) Против решението од ставот (10) на овој член инвеститорот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.
(12) Решението од ставот (10) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(13) Жалбата од ставот (11) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(14) По исклучок од ставовите (12) и (13) на овој член, во случај на технички прекин во функционирањето на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (10) на овој член и жалбата од ставот (11) на овој член во форма на електронски документ се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 29

Членот 84 се менува и гласи:

„(1) Студијата за оцена на влијанието врз животната средина особено содржи:

а) опис на проектот кој содржи информации за локацијата, дизајнот, големината и другите релевантни карактеристики на проектот,

б) опис на веројатните значајни влијанија на проектот врз животната средина,

в) опис на карактеристиките на проектот и/или предвидените мерки со цел да се избегнат, спречат или намалат и, доколку е можно, да се неутрализираат веројатните значајни влијанија врз животната средина,

г) опис на алтернативите кои ги навел инвеститорот, а кои се релевантни за проектот и неговите специфични карактеристики, и наведување на главните причини за избраната опција, земајќи ги предвид влијанијата на проектот врз животната средина,

д) нетехничко резиме на информациите наведени во точките а), б), в) и г) на овој став и

ѓ) секоја дополнителна информација, определена со прописот донесен врз основа на член 80 став (13) од овој закон, која е релевантна за:

– специфичните карактеристики на конкретниот проект или на одреден тип на проекти (како што се: големина, местоположба, технолошки процеси и природа на активноста) и

– карактеристиките на животната средина што веројатно ќе бидат засегнати од проектот (како што се: степенот на чувствителност, капацитетот за прифаќање на влијанијата, заштитени подрачја, присуство на население и биолошка разновидност).

(2) Инвеститорот при изготвувањето на студијата е должен да го земе во предвид мислењето за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, како и да ги земе во предвид резултатите кои се достапни од други спроведени оцени на влијанието врз животната средина изготвени согласно одредбите од овој закон и обврските и правата кои произлегуваат од прописите за заштита на правото на интелектуална сопственост.

(3) Содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието врз животната средина ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“.

Член 30

Во член 85-а во алинејата 3 по зборовите „ европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)“ се додаваат зборовите „од областа на технички, техничко-технолошки, природно-математички, биотехнички, земјоделски или шумарски науки“.

Член 31

Во член 85-е по ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5) кои гласат:

„(3) Барањето од ставот (1) на овој член и доказите од ставот (2) на овој член можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Доказите од членот 85-а од овој закон кои се прибавуваат по службена должност можат да се прибавуваат и разменуваат во електронска форма преку Националната

платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.
(5) По исклучок од ставовите (3) и (4) на овој член, во случај на технички прекин во функционирањето на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од ставот (1) на овој член и доказите од ставот (2) на овој член, како и доказите од членот 85-а од овој закон во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 32

Во член 85-ж по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:
„(3) Решението од ставот (2) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (2) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 33

Во член 85-и по ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11) кои гласат:
„(10) Решението од ставот (7) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(11) По исклучок од ставот (10) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (7) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 34

Во член 85-ј по ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7) кои гласат:
„(6) Решението од ставот (2) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (2) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 35

Во членот 85-т по ставот (8) се додаваат два нови става (9) и (10) кои гласат:

„(9) Решението од ставот (7) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ, кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(10) По исклучок од ставот (9) на овој член, во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (7) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 36

Членот 86 се менува и гласи:

„(1) По завршување на постапката за консултации со јавноста и засегнатите органи, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и/или од него овластени лица коишто се наоѓаат во Листата на експерти за оцена на влијание на проекти врз животната средина од членот 85 став (1) од овој закон подготвуваат извештај за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, преку Комисијата од членот 86-а од овој закон.

(2) Доколку лицето коешто се наоѓа на Листата на експерти за оцена на влијание на проекти врз животната средина од членот 85 став (1) од овој закон го изготвило известувањето за намерата за спроведување на проектот или мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или студијата за оцена на влијанието врз животната средина, нема право да го изготвува извештајот од ставот (1) на овој член.

(3) Органот и/или овластеното лице од ставот (1) на овој член преку Комисијата од член 86-а од овој закон е должен да ја спроведе постапката за оцена на влијанието врз животната средина на објективен начин и да презема мерки за спречување на судир на интереси, во согласност со прописите за спречување на судир на интереси.

(4) Доколку органот од ставот (1) на овој член, во рамките на своите надлежности, истовремено се јавува и како инвеститор, во тој случај во Комисијата од член 86-а од овој закон не можат да бидат вклучени лица од редот на вработените во органот кои имаат судир на интереси и за истото треба да доставaт изјава за судир на интереси.

(5) Доколку органот и/или овластеното лице од ставот (1) на овој член преку Комисијата од член 86-а од овој закон утврди дека студијата не е соодветна или доколку постои судир на интереси, тој може да ја запре постапката до отстранување на причините за нејзино продолжување.

(6) Органот и/или овластеното лице од ставот (1) на овој член преку Комисијата од член 86-а од овој закон врши испитување на информациите дадени во студијата за оцена на влијанието врз животната средина и врз основа на сопствена анализа, заснована на дополнителни стручни и/или фактички информации кои не произлегуваат од документацијата на инвеститорот, но се во негова надлежност.

(7) За проектите кои се предмет на оцена на влијанието врз природата согласно прописите од областа на заштита на природата, при изготвување на извештајот од ставот (1) на овој член задолжително се зема предвид мислењето за спроведување на проектот во кое се содржани и мерките за предвиденото деградирање на природата или мислењето за неспроведување на проектот, донесено врз основа на студијата.

(8) Доколку мислењето од став (7) на овој член е негативно, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение со кое се одбива спроведувањето на проектот.

(9) Со извештајот од ставот (1) на овој член се утврдуваат значајните влијанија врз животната средина, земајќи ги предвид резултатите од анализата од ставот (6) на овој член и предложените мерки за избегнување, спречување или намалување, и доколку е можно, неутрализирање на значителните негативни ефекти врз животната средина, како и, каде што е соодветно, мерки за следење кои се утврдуваат во дозволата за спроведување на проектот.
(10) Рокот за подготовка на извештајот од ставот (1) на овој член не може да биде подолг од 60 дена од денот кога студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, е доставена заедно со сите мислења по завршувањето на консултациите со јавноста и засегнатите органи согласно член 83 став (6) од овој закон.
(11) По исклучок од ставот (10) на овој член, рокот за подготовка на извештајот од ставот (1) на овој член може да биде продолжен од оправдани причини, особено во сложени случаи, но не повеќе од 30 дена од денот на истекот на рокот од ставот (10) на овој член.
(12) Доколку при подготовка на извештајот од ставот (1) на овој член се утврди дека студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина содржи недостатоци, органот и/или овластеното лице од ставот (1) на овој член ја враќа на инвеститорот за дополнување или доработка, при што инвеститорот е должен да ја достави преработената студија во рок не подолг од 30 дена.
(13) Извештајот од ставот (1) на овој член се подготвува во писмена форма.
(14) Органот од ставот (1) на овој член во рок од пет дена од денот на изработката на извештајот од ставот (1) на овој член, истиот го доставува до инвеститорот и го објавува на својата веб страница.
(15) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и начинот на изготвување на извештајот од ставот (1) на овој член.
(16) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го пропишува начинот на овластување на лицата од Листата на експерти за оцена на влијание на проекти врз животната средина од членот 85 став (1) од овој закон, кои ќе го изготват извештајот од ставот (1) на овој член.“.

Член 37

По членот 86 се додава нов член 86-а кој гласи:
„Член 86-а
Комисија за изготвување на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина
(1) Во постапката за оцена на влијанието врз животната средина, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од пет дена од денот на приемот на студијата за оцена на влијанието врз животната средина, формира Комисија за изготвување на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член изготвува извештај за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(3) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од најмалку пет члена.
(4) Членовите на Комисијата од ставот (1) на овој член се избираат од редот на вработените во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина со најмалку пет години работно искуство во областа на животната средина и/или од редот на надворешни стручни лица.
(5) Надворешните стручни лица од ставот (4) на овој член се избираат од Листата на експерти за оцена на влијание на проекти врз животната средина од членот 85 став (1) од овој закон.
(6) Комисијата од ставот (1) на овој член е должна да изготви извештај согласно рокот утврден во членот 86 од овој закон.“.

Член 38

Членот 87 се менува и гласи:

„(1) Врз основа на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, јавната расправа од членот 91 од овој закон и добиените мислења, како и испитувањето од член 86 став (6) од овој закон со кое ќе се донесат дополнителни мерки за заштита, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 40 дена од денот на поднесувањето на извештајот од членот 86 од овој закон, донесува решение со кое дава согласност или го одбива барањето за спроведување на проектот.

(2) Во решението од ставот (1) на овој член се образложуваат главните причини за донесување на решението, како и се наведуваат мерките за избегнување, спречување или намалување и доколку е можно, неутрализирање на штетните влијанија врз животната средина, како и видот, параметрите и времетраењето на мерките за следење и мониторинг.

(3) Решението од ставот (1) на овој член со кое се одбива барањето за спроведување на проектот задолжително содржи образложение на главните причини поради кои се одбива барањето за спроведување на проектот.

(4) Во рок од пет дена од денот на донесувањето на решението од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го доставува решението до инвеститорот, до органот на државната управа надлежен за издавање дозвола, односно решение за спроведување на проектот и до општината или градот Скопје на чиешто подрачје би требало да се спроведува проектот.

(5) Решението од ставот (1) на овој член се објавува во рок од пет дена од денот на неговото донесување, во согласност со член 90 став (1) точка 5) од овој закон.

(6) Решението од ставот (1) на овој член престанува да произведува правно дејство, доколку во период од две години од неговото донесување, не се отпочнало со спроведување на проектот. На барање на инвеститорот, важноста на решението може да се продолжи, најмногу еднаш во времетраење од две години, само доколку во периодот од две години нема значителни измени на условите во засегнатото подрачје, новите сознанија поврзани со основната содржина на студијата и развојот на нова технологија, што би можела да биде употребена во проектот.

(7) Доколку за време на спроведувањето на проектот, инвеститорот кој е носител на решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот или решението со кое се утврдува дека не е потребна оцена на влијанието врз животната средина, го пренесе спроведувањето на проектот на друго лице, тоа лице, како инвеститор, ги презема сите права и обврски кои произлегуваат од решението со кое се дава согласност за спроведување на проектот или решението со кое се утврдува дека не е потребна оцена на влијанието врз животната средина и е одговорно за нивна имплементација. Пренесувањето е можно само под услов да нема промени во проектот.

(8) Инвеститорот кој е носител на решението со кое се дава согласност за спроведување на проектот или решението со кое се утврдува дека не е потребна оцена на влијанието врз животната средина од ставот (7) на овој член е должен да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за преносот на сите права и обврски од решението на друго лице во рок од 15 дена од денот на извршениот пренос, при што во прилог ја доставува изјавата за извршениот пренос.

(9) Инвеститорот на кој му е пренесено спроведувањето на проектот не може да продолжи со спроведувањето на проектот како инвеститор, без претходно известување за промената согласно со ставот (8) на овој член.

(10) Одредбите на овој закон кои се однесуваат на инвеститорот кој е носителот на проектот се применуваат на лицето на кое му е пренесено спроведувањето на проектот.

(11) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од

областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(12) По исклучок од ставот (11) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 39

Во членот 88 во ставот (1) зборовите „став (4)“ се заменуваат со зборовите „став (5)“, а зборовите „алинеја 2“ се бришат.
По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Органот кој е надлежен за издавање на дозволата, односно решение за спроведување на проектот за кој се врши оцена на влијание врз животната средина по службена должност внимава на важноста на решението со коешто дава согласност за спроведување на проектот во моментот на издавање на дозволата, односно решението за спроведување на проектот.“.
Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:
„(4) Дозволата или решението за спроведување на проект издадена спротивно на ставовите (1) и (3) на овој член ќе се смета за ништовна.“.

Член 40

Во член 89 по ставот (4) се додаваат три нови става (5), (6) и (7) кои гласат:
„(5) Жалбата од ставовите (1) и (2) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.
(6) Барањето од ставот (4) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(7) По исклучок од ставовите (5) и (6) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, жалбата од ставовите (1) и (2) на овој член и барањето од ставот (4) на овој член во форма на електронски документ се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 41

Во членот 90 ставот (1) се менува и гласи:
„Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и општината на чие подрачје се спроведува проектот се должни да објават:
1) информација за поднесено известување согласно членот 80 став (1) од овој закон на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, на огласна табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната и на огласната табла во општината на чие подрачје се спроведува проектот. Известувањето од членот 80 став (1) од овој закон се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа

на животната средина и на веб страницата на општината на чие подрачје се спроведува проектот;
2) информација дека е донесено решение согласно членот 81 став (5) од овој закон на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и на огласната табла во општината на чиешто подрачје се спроведува проектот. Решението од членот 81 став (5) од овој закон се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и на веб страницата на општината на чие подрачје се спроведува проектот;
3) информација дека е подготвена студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина од членот 83 на овој закон заедно со информација за достапноста на истата во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, на локалната радио и ТВ станица, како и на веб страницата на органот на државната управа од областа на животната средина и на веб страницата на општината на чие подрачје се спроведува проектот, а нетехничкото резиме и други документи за учеството на јавноста во изработка на студијата кои се дел од постапката се објавуваат на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
4) информација дека е изготвен извештај за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина од членот 86 од овој закон на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, како и на огласна табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и на огласна табла во општината на чие подрачје се спроведува проектот. Извештај за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина од членот 86 од овој закон се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и на веб страницата на општината на чие подрачје се спроведува проектот;
5) информација дека е донесено решението од членот 87 став (1) од овој закон со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот на веб страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и на огласна табла во општината на чиешто подрачје се спроведува проектот. Решението од членот 87 став (1) од овој закон со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и на веб страницата на општината на чие подрачје се спроведува проектот;
6) местото и времето на одржување на јавната расправа од членот 91 од овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија , огласна табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и на огласна табла во општината на чие подрачје се спроведува проектот, како и на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, на веб страницата на општината на чие подрачје се спроведува проектот и на локалната радио и ТВ-станица и
7) кратка содржина на мислењето од членот 82 став (5) од овој закон на веб страницата, како и на огласна табла на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и на веб страницата и на огласна табла во општината на чие подрачје се спроведува проектот.“.
По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3) кои гласат:
„(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај доколку информациите и документацијата не бидат објавени на начинот утврден во ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина

е должен истите да ги објави во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија.
(3) Инвеститорот во сите фази од постапката за оцена на влијанието врз животната средина е должен да ги прибави сите информации и докуменетација објавени на начинот утврден во ставовите (1) и (2) на овој член и истите да ги достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, по негово барање.“.
Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставовие (4), (5) и (6).
Во ставот (5) кој станува став (7) зборовите „ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите „ставовите (1), (2) и (4)“.

Член 42

Во член 91 ставот (2) се менува и гласи:
„Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да ја одложи јавната расправа, доколку на неа не учествуваат инвеститорот и лицата кои ја подготвиле студијата за оцена на влијанието врз животната средина. Во случај на одложување на јавната расправа, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да определи нов термин за одржување на јавната расправа во рок од најмалку пет работни дена од денот на прекинот на јавната расправа. “.
Ставот (3) се менува и гласи:
„Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина води записник од јавната расправа, како и води листа на присутни во која се наведуваат учесниците. Инвеститорот е должен да го обезбеди учеството на одговорниот експерт за оцена на влијание врз животната средина во јавната расправа кој бил ангажиран да ја подготви студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.“.

Член 43

Во член 93 ставот (8) се менува и гласи:
„Трошоците за преводот на информациите од ставовите (5) и (7) на овој член и другите трошоци кои произлегуваат за спроведување на постапката за оцена на прекуграничното влијание на животната средина на проектот се на товар на инвеститорот.“.
По ставот (8) се додава нов став (9) кој гласи:
„(9) За проектите за кои се спроведува постапка за оцена на прекуграничното влијание на проектот врз животната средина, Владата на Република Северна Македонија може да иницира меѓувладини консултации. Меѓувладините консултации може да се организираат како:
а) заеднички комисии;
б) состаноци на експерти и
в) видеоконференција, размена на информации преку е-пошта или официјални писма.“.

Член 44

Во член 93-б став (5) во точката б) по зборот „влијанија“ се додаваат зборовите „и мерките за мониторинг.“.

Член 45

Во член 94 ставот (4) се менува и гласи:
„Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина организира јавна расправа на подрачјето на Република Северна Македонија кое би било најмногу погодено од спроведувањето на проектот на барање на засегната јавност согласно одредбите од овој закон. Сите трошоци поврзани со преводот, известувањето и организирањето на јавната расправа се на товар на инвеститорот.“.

Член 46

Во член 96 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

„(3) Барањето од ставот (1) на овој член и документацијата од ставот (2) на овој член може да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од ставот (1) на овој член и документацијата од ставот (2) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето/надлежниот орган, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 47

Во член 97 по ставот (4) се додаваат три нови става (5), (6) и (7) кои гласат:

„(5) Решението од ставот (3) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Жалбата од ставот (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) По исклучок од ставовите (5) и (6) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (3) на овој член и жалбата од ставот (4) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 48

Во член 106 по ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5) кои гласат:

„(3) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Жалбата од ставот (2) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) По исклучок од ставовите (3) и (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член и жалбата од ставот (2) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку

квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 49

Во член 108 по ставот (8) се додаваат три нови става (9), (10) и (11) кои гласат:

„(9) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(10) Жалбите од ставовите (5) и (6) на овој член може да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) По исклучок од ставовите (9) и (10) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член и жалбите од ставовите (5) и (6) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 50

Во член 115 ставот (7) се менува и гласи:

„Операторот поднесува барање за обновување на А-интегрираната еколошка дозвола до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина најдоцна три месеци пред истекот на временскиот период од ставот (6) на овој член.“.

По ставот (7) се додава нов став (8) кој гласи:

„(8) Доколку операторот не поднесе барање за обновување на А-интегрираната еколошка дозвола во рокот утврден во ставот (7) на овој член, А-интегрираната еколошка дозвола престанува да важи со истекот на рокот од ставот (6) на овој член, а операторот не смее да ја врши активноста до добивање на нова дозвола.“.

Ставот (8) станува став (9).

Член 51

Во член 115 по ставот (8) се додаваат четири нови става (9), (10), (11) и (12) кои гласат:

„(9) Решението од ставот (2) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(10) Жалбата од ставот (3) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Барањето од ставот (7) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по

електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(12) По исклучок од ставовите (9), (10) и (11) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (2) на овој член, жалбата од ставот (3) на овој член, како и барањето од ставот (7) на овој член во форма на електронски документ се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 52

Во член 116 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6) кои гласат:
„(5) Барањето од став (3) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) По исклучок од ставот (5) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од ставот (3) на овој член во форма на електронски документи се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето/надлежниот орган, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 53

Во член 118 по ставот (7) се додаваат четири нови става (8), (9), (10) и (11) кои гласат:
„(8) Барањето од ставот (1) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(9) Решението од ставот (3) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(10) Жалбите од ставовите (4) и (7) на овој член може да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(11) По исклучок од ставовите (8),(9) и (10) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од ставот (1) на овој член, решението од ставот (3) на овој член и жалбите од ставовите (4) и (7) на овој член во форма на електронски документ се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 54

Во член 119 по ставот (4) се додаваат три нови става (5), (6) и (7) кои гласат:

„(5) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Жалбата од ставот (3) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) По исклучок од ставовите (5) и (6) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член и жалбата од ставот (3) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 55

Во член 124 по ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5) кои гласат:

„(3) Барањето од ставот (1) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Документацијата од ставот (2) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) По исклучок од ставовите (3) и (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од ставот (1) на овој член и документацијата од ставот (2) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 56

Во член 126 по ставот (9) се додаваат три нови става (10), (11) и (12) кои гласат:

„(10) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Жалбите од ставовите (2) и (3) на овој член можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското

управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(12) По исклучок од ставовите (10) и (11) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член и жалбите од ставовите (2) и (3) на овој член во форма на електронски документ се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.".

Член 57

Во член 127 по ставот (4) се додаваат три нови става (5), (6) и (7) кои гласат:
„(5) Решението од ставот (2) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Жалбата од ставот (3) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(7) По исклучок од ставовите (5) и (6) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (2) на овој член и жалбата од ставот (3) на овој член во форма на електронски документ се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.".

Член 58

Во член 148 став (3) во точката 3) зборовите „ставот (6)" се заменуваат со зборовите „ставот (8)".
Ставот (4) се менува и гласи:
„Извештајот за мерки за безбедност од ставот (1) на овој член се доставува од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина до Комисијата за испитување на извештаите за мерки за безбедност што ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина согласно став (5) на овој член во рок од пет дена од денот на доставувањето на истиот од страна на операторот.".
По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6) кои гласат:
„(5) Комисијата од ставот (4) на овој член е составена од четири члена определени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и тоа два члена од редот на истакнати стручни лица од областа на технолошките науки, еден член од редот на истакнати стручни лица од областа на хемиските науки и еден член од редот на истакнати стручни лица од областа на заштита на животната средина.
(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, по претходно добиено мислење од Комисијата за испитување на извештаите за мерки за безбедност, во рок од осум месеци од денот на прием на извештајот за мерки за безбедност, донесува решение со кое:

– ги доставува заклучоците од испитувањето на извештајот до операторот или –забранува воведување во употреба или продолжување со употреба на системот, во согласност со членот 152 од овој закон.”.
Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (7), (8) и (9).

Член 59

Во член 152 во ставот (7) зборовите „ставот (5)“ се заменуваат со зборовите „ставот (6)“.
По ставот (7) се додаваат три нови става (8), (9) и (10) кои гласат:
„(8) Решенијата од ставовите (4) и (5) на овој член можат да бидет издадени и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(9) Жалбата од ставот (6) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(10) По исклучок од ставовите (8) и (9) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решенијата од ставовите (4) и (5) на овој член и жалбата од ставот (6) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 60

Во член 157 по ставот (14) се додаваат четири нови става (15), (16), (17) и (18) кои гласат:
„(15) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина доколку не може да го утврди операторот кој предизвикал непосредна закана од штета, односно еколошка штета за да изврши процена на значителноста на штетата, како и да ги определи мерките за ремедијација за локации кои се во државна сопственост е должен да ја спроведе постапката за вршење на процена на значителноста на штетата и определување на мерките за ремедијација или за спроведување на проценета и определувањето на мерките за ремедијација да овласти проценител од областа за заштита на животната средина согласно Законот за процена.
(16) Решенијата од ставовите (7) и (9) на овој член можат да биде издадени и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(17) Жалбата од ставот (13) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(18) По исклучок од ставовите (16) и (17) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решенијата од ставовите (7) и (9) на овој член и жалбата од ставот (13) на овој член во форма на електронски документ се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на

подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 61

Во член 158 по ставот (4) се додаваат три нови става (5), (6) и (7) кои гласат:

„(5) Трошоците за мерките за ремедијација од членот 157 став (15) од овој закон се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, преку средствата утврдени во Програмата за инвестирање во животна средина.

(6) Барањето од ставот (4) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, во случај на технички прекин или недостапност на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од ставот (4) на овој член во форма на електронски документи се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги. “.

Член 62

Во член 163 во точката 2) зборовите „супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка“ се заменуваат со зборовите „супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол“.

Член 63

Во членот 164 став (2) во алинејата 3 зборовите „супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка“ се заменуваат со зборовите „супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол“.

Член 64

Во членот 165 став (1) зборовите „став (2)“ се заменуваат со зборовите „ставови (2) и (3)“.

Член 65

Во член 167 по ставот (5) се додаваат три нови става (6), (7) и (8) кои гласат:

„(6) Решението од ставот (2) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Жалбата од ставот (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(8) По исклучок од ставовите (6) и (7) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (2) на овој член и жалбата од ставот (4) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку

квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 66

Во член 179 ставот (3) се менува и гласи:
„Висината на надоместокот што се плаќа за добивање на дозвола за увоз на супстанци од списокот на Монтреалскиот протокол, а кои се класифицирани како:
- супстанции од  Анекс Ц, група  I од Монтреалскиот протокол, изнесува 62,00 денари за килограм,

- супстанции од Анекс Ф, група I од Монтреалскиот протокол и смеси кои содржат супстанции од Анекс Ф, група I од Монтреалскиот протокол со потенцијал на глобално затоплување еднаков или повисок од 1000, а понизок од  2000, изнесува 8,00 денари за килограм,

- супстанции од Анекс Ф, група I од Монтреалскиот протокол и смеси кои содржат супстанции од Анекс Ф, група I од Монтреалскиот протокол со потенцијал на глобално затоплување еднаков или повисок од 2000, а понизок од  3000, изнесува 12 денари за килограм и

- супстанции од Анекс Ф, група I од Монтреалскиот протокол и смеси кои содржат супстанции од Анекс Ф, група I од Монтреалскиот протокол со потенцијал на глобално затоплување еднаков или повисок од 3000, изнесува 15 денари за килограм.”.

Член 67

Во членот 180 став (1) по точката 5) се додаваат две нови точки 6) и 7) кои гласат:

„6) пловни објекти:

| Пловни објекти | | |
|---|---|---|
| Старост на возилото (години) | Моќност на моторот во (kW) | Надомест во денари за мотор на бензин, дизел, биодизел или гас |
| од 0 до 5 години | до 20 | 100 |
| од 6 до 10 години | | 150 |
| од 11 до 20 години | | 200 |
| од 21 до 30 години | | 250 |
| Над 30 години | | 300 |
| од 0 до 5 години | 20-30 | 300 |
| од 6 до 10 години | | 350 |
| од 11 до 20 години | | 400 |
| од 21 до 30 години | | 450 |
| Над 30 години | | 500 |
| од 0 до 5 години | 30-40 | 500 |
| од 6 до 10 години | | 550 |
| од 11 до 20 години | | 600 |
| од 21 до 30 години | | 650 |
| Над 30 години | | 700 |
| од 0 до 5 години | 40-50 | 700 |
| од 6 до 10 години | | 750 |
| од 11 до 20 години | | 800 |
| од 21 до 30 години | | 850 |
| Над 30 години | | 900 |
| од 0 до 5 години | | 900 |
| од 6 до 10 години | | 950 |

| | | |
|---|---|---|
| од 11 до 20 години | 50-60 | 1000 |
| од 21 до 30 години | | 1050 |
| Над 30 години | | 1100 |
| од 0 до 5 години | Над 60 | 1100 |
| од 6 до 10 години | | 1150 |
| од 11 до 20 години | | 1200 |
| од 21 до 30 години | | 1250 |
| Над 30 години | | 1300 |
| / | Без мотор | 0 |

7) Трактори од категориите Т и С:

| Трактори од категориите Т и С | | |
|---|---|---|
| Старост на возилото (години) | Моќност на моторот во (kW) | Надомест во денари за мотор на бензин, дизел, биодизел или гас |
| од 0 до 5 години | од 10 до 15 | 100 |
| | од 16 до 25 | 200 |
| | од 26 до 45 | 250 |
| | од 46 до 75 | 300 |
| | од 76 до 150 | 350 |
| | над 150 | 400 |
| од 6 до 10 години | од 10 до 15 | 400 |
| | од 16 до 25 | 450 |
| | од 26 до 45 | 500 |
| | од 46 до 75 | 550 |
| | од 76 до 150 | 600 |
| | над 150 | 650 |
| од 11 до 20 години | од 10 до 15 | 650 |
| | од 16 до 25 | 700 |
| | од 26 до 45 | 750 |
| | од 46 до 75 | 800 |
| | од 76 до 150 | 850 |
| | над 150 | 900 |
| од 21 до 30 години | од 10 до 15 | 900 |
| | од 16 до 25 | 950 |
| | од 26 до 45 | 1000 |
| | од 46 до 75 | 1050 |
| | од 76 до 150 | 1100 |
| | над 150 | 1150 |
| Над 30 години | од 10 до 15 | 1150 |
| | од 16 до 25 | 1200 |
| | од 26 до 45 | 1250 |
| | од 46 до 75 | 1300 |
| | од 76 до 150 | 1350 |
| | над 150 | 1400 |

“.

Ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) зборовите „ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите „ставот (1)“.

Во ставот (4) кој станува став (3) зборовите „ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите „ставот (1)“, по зборовите „пловниот објект работи на“ се додаваат зборовите „хибриден или“.
Во ставот (5) кој станува став (4) зборовите „ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите „ставот (1)“.
Ставот (6) станува став (5).
Во ставот (7) кој станува став (6) зборовите „ставот (5) “ се заменуваат со зборовите „ставот (4)“.
Во ставот (8) кој станува став (7) зборовите „ставот (5)“ се заменуваат со зборовите „ставот (4)“.
Во ставот (9) кој станува став (8) зборовите „ставот (5)“ се заменуваат со зборовите „ставот (4)“.
Ставот (10) станува став (9).
Во ставот (11) кој станува став (10) зборовите „ставот (5) “ се заменуваат со зборовите „ставот (4)“, а зборовите „ставовите (6), (7) и (9)“ се заменуваат со зборовите „ставовите (5), (6) и (8)“.

Член 68

Во член 184 во ставот (8) зборовите „членот 165 став (8)“ се заменуваат со зборовите „членот 165 став (2)“.

Член 69

Во членот 198 став (1) точката 4-а) се менува и гласи:
„да утврди дали правното лице односно трговец поединец кое врши увоз и/или извоз на супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол и/или производи кои содржат супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол известува за увезените и/или извезените супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол и/или производи кои содржат супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол, како и да утврди дали истите постапуваат согласно со прописот донесен врз основа членот 22-а став (4) од овој закон.“.
По точката 24) се додава нова точка 24-а) која гласи:
„24 -а) да утврди дали се имплементираат мерките за следење и мониторинг утврдени во решението со кое се дава согласност за спроведување на проектот (член 87);“.

Член 70

Во член 200 по ставот (13) се додаваат два нови става (14) и (15) кои гласат:

„(14) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(15) По исклучок од ставот (14) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 71

Во член 203 по ставот (12) се додаваат два нови става (13) и (14) кои гласат:
„(13) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот

портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(14) По исклучок од ставот (13) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.".

Член 72

Во член 204-а по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6) кои гласат:
„(5) Решенијата од ставовите (1) и (2) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документ кое се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) По исклучок од ставот (5) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, решението од ставовите (1) и (2) на овој член во форма на електронски документ се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.".

Член 73

Во член 207 ставот (3) се менува и гласи:

„Средствата од ставот (1) на овој член, за извршен надзор од страна на Државниот инспекторат за животна средина, се уплаќаат на сметка на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и се користат за покривање на трошоците од извршениот надзор и за спроведување на активности од надлежност на органот во областа на заштита и унапредувањето на животната средина.".

Член 74

Во членот 211 став (1) по точката 23) се додава нова точка 23-а) која гласи:
,,23-а) води евиденција на програми, проекти и други активности на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје кои се корисници на средствата од програмата од членот 172 од овој закон;".

Член 75

Во член 212-а во ставот (8) зборовите „Државната Комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка" се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен" .
По ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11) кои гласат:
„(10) Жалбата од ставот (8) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) По исклучок од ставот (10) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, жалбата од ставот (8) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 76

Во членот 212-е став (1) точката 4) се менува и гласи:
„не известува за увезените и/или извезените производи и супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол и/или не постапува со истите согласно членот 22-а од овој закон;“.

Член 77

Започнатите постапки за одобрување на проекти до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно одредбите на Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25).

Член 78

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 79

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

Член 80

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА
ПРЕДЛОГ ТЕКСТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (*)

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со членот 1 се врши изменување и дополнување на членот 5 од Законот за животната средина, со цел прецизирање и усогласување на одделни поими од значење за примената на законот.
Со изменувањето на точката 30 се проширува и прецизира поимот „проект“, при што во неговото определување се опфаќаат различни видови интервенции и користење на животната средина и нејзините природни и создадени вредности, вклучително и користењето на минерални суровини, изградбата, реконструкцијата, проширувањето или затворањето на објекти и инсталации, како и други дејности и активности, вклучително и работи на уривање и демонтирање. На овој начин се обезбедува појасно определување на опфатот на проектите за кои може да се применуваат инструментите за оценување на влијанијата врз животната средина.
Со изменувањето на точката 32 се прецизира поимот „оцена на влијанието врз животната средина“, со упатување на фазите на постапката утврдени во член 79 став (1) од законот. Со тоа се обезбедува појасна врска меѓу дефиницијата на поимот и законски утврдената постапка за оцена на влијанието врз животната средина.
Со изменувањето на точката 60 се прецизира дефиницијата на „Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка“, како и опфатот на супстанциите утврдени во неговите анекси. Ова е од значење за правилна и единствена примена на одредбите од законот кои се однесуваат на увозот, извозот, ставањето во промет, постапувањето и контролата на овие супстанции.
Со додавањето на новите точки 60-а и 60-б се воведуваат дефинициите за „потенцијал на глобално затоплување“ и „систем за детекција на истекување“. Воведувањето на овие поими е потребно заради јасно и прецизно уредување на обврските поврзани со супстанциите што имаат влијание врз озонската обвивка и климатските промени, како и со спречувањето и навременото откривање на нивното истекување.
Со додавањето на новата точка 64 се определува „стручниот орган надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата“, како посебна организациона единица во рамките на стручниот орган надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина. Со ова се создава јасна институционална основа за извршување на надлежностите поврзани со заштитата на природата и оценувањето на влијанијата на проектите врз природата.

Со членот 2 се врши изменување на членот 20 став (1) алинеја 2 од Законот, со бришење на зборовите „или реконструкција“.
Изменувањето има за цел прецизирање на опфатот на активностите на кои се однесува конкретната законска одредба и усогласување на терминологијата со останатите одредби од Законот за животната средина.

Со членот 3 целосно се менува членот 22-а, со кој се уредува постапувањето со супстанциите од списокот на Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка.
Со новиот став (1) се утврдува обврска за правните лица и трговците поединци кои вршат увоз и/или извоз на овие супстанции, како и на производи кои ги содржат, да поседуваат соодветна дозвола издадена од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
Со ставот (2) се воспоставува контрола во прометот на овие супстанции, преку ограничување на можноста увозниците да ги продаваат само на лица кои поседуваат лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства

за ладење. На овој начин се обезбедува супстанциите да бидат достапни за понатамошно постапување само на соодветно оспособени и овластени субјекти.
Со ставовите (3) и (4) се уредува задолжителното означување на супстанциите и производите кои ги содржат. Целта е да се обезбеди корисниците да располагаат со јасни информации за видот на супстанцијата, нејзиното влијание врз животната средина и начинот на правилно ракување.
Со ставот (5) се воспоставува обврска за годишно известување за увезените и/или извезените количини на супстанции и производи кои ги содржат, со рок до 1 март во тековната година за податоците од претходната година. Со ова се овозможува систематско следење на прометот со овие супстанции.
Со ставот (6) се утврдува овластување на министерот да ја пропише формата, содржината и начинот на доставување на извештаите, со што се создава правна основа за практично спроведување на обврската за известување.

Со членот 4 се врши целосно изменување на членот 22-б од Законот, со кој подетално се уредува постапувањето со средствата за ладење и производите кои содржат средства за ладење.
Со новите одредби се воспоставуваат услови и правила за стекнување со лиценца за постапување со средствата за ладење, како и обврски за нивно правилно одржување, собирање, обновување и рециклирање.
Особено се уредуваат условите кои треба да ги исполнува правното лице, односно трговецот поединец за добивање лиценца, вклучително и обезбедување соодветен простор и опрема, поседување опрема за собирање, обновување и рециклирање, како и ангажирање на најмалку едно соодветно стручно оспособено лице.
Со определувањето на важноста на лиценцата на пет години и воспоставувањето на постапка за нејзино продолжување се обезбедува континуирана проверка на исполнетоста на условите за вршење на овие активности.
Со ставовите (14) до (19) се уредуваат обврските за спречување и детектирање на истекувања на средствата за ладење. Во зависност од количината на супстанцијата содржана во опремата се утврдуваат различни интервали за проверка, со што се воспоставува систем на превентивно дејствување соодветен на потенцијалниот ризик од истекување.
Дополнително, се утврдува обврска за санирање на откриените истекувања во определен рок, повторна проверка по извршената поправка, водење евиденција и означување на опремата.
Со воспоставувањето на Регистар на лиценци се обезбедува транспарентност и можност за следење на издадените, продолжените, одземените и престанатите лиценци.
Со ставовите (25) и (26) се овозможува поднесување на барањата и доказите во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги, односно преку квалификувана електронска препорачана достава во случај на технички прекин на системите. На овој начин се унапредува дигитализацијата на постапките и се олеснува пристапот на субјектите до административните услуги.

Со членот 5 се врши изменување на висината на надоместокот утврден во член 22-в став (3) од Законот.
Наместо досегашното определување на надоместокот во износ од 10 евра во денарска противвредност, се утврдува фиксен износ од 12.000,00 денари. Со ова се обезбедува јасно и недвосмислено определување на висината на надоместокот во домашна валута.

Со членот 6 се овозможува барањето и доказите предвидени во член 22-ѕ од Законот да можат да се поднесуваат во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.

Со тоа се олеснува административната постапка за подносителите и се овозможува користење на електронски услуги без потреба од непосредно поднесување на документацијата.
Воедно, се предвидува алтернативен начин на електронско доставување во случај на технички прекин на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, преку квалификувана електронска препорачана достава.

Со членот 7 се воведува можност решението од член 22-и став (2) од Законот да биде издадено како електронски документ и доставено преку профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги.
Изменувањето има за цел дигитализација на постапката за издавање и доставување на решенијата и намалување на административниот товар за корисниците.
Во случај на технички прекин на електронските системи се предвидува доставување преку квалификувана електронска препорачана достава, со што се обезбедува континуитет во спроведувањето на постапката.

Со членот 8 се менува составот на лицата кои треба да бидат присутни при полагањето на првиот дел од испитот од член 22-к од Законот.
Со определувањето дека во просторијата за полагање треба да бидат присутни тројца претставници од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина се обезбедува поголем степен на контрола, транспарентност и интегритет на постапката за полагање на испитот.

Со членот 9 се воведува можност решението од член 22-л став (6) да биде издадено во електронска форма и доставено преку Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги.
Со ова се овозможува дигитализација на постапката за издавање и доставување на решението, како и поефикасно остварување на правата на подносителите.
Како дополнителна гаранција за непречено спроведување на постапката, во случај на технички прекин на електронските системи се предвидува користење на квалификувана електронска препорачана достава.

Со членот 10 се воведува можност решението од член 22-љ став (2) од Законот да се издава и доставува во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги.
Предложеното решение е во насока на дигитализација и поедноставување на административните постапки и овозможува побрзо и поефикасно доставување на актите до подносителите.
Истовремено, се предвидува алтернативна електронска достава преку квалификувана електронска препорачана достава во случај на технички прекин на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност.

Со членот 11 се овозможува решението од член 22-у став (7) од Законот да се издава во форма на електронски документ и да се доставува преку Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги.
На овој начин се обезбедува усогласување на постапката со принципите на електронско управување и се овозможува поефикасно остварување на правата и обврските на подносителите.
Воедно, се предвидува резервен начин на електронско доставување преку квалификувана електронска препорачана достава во случај на технички прекин на електронските системи.

Со членот 12 се врши дополнување на членот 24 од Законот со нови одредби кои се однесуваат на оценувањето на влијанието на проектите врз природата, преносот на

спроведувањето на проектот, периодичното обновување на елаборатите за заштита на животната средина, условите за изготвување на елаборатите и електронското постапување.
Со ставот (14) се воспоставува обврска, во случаите кога согласно прописите од областа на заштитата на природата се врши оцена на влијанието врз природата, пред одобрување или одбивање на елаборатот за заштита на животната средина да се прибави мислење за оцената на влијанието на проектот врз природата.
Целта е да се обезбеди координирано разгледување на влијанијата врз животната средина и природата и да се спречи одделно и неусогласено одлучување за аспекти кои се меѓусебно поврзани.
Со ставот (15) се дава правна основа министерот да го пропише начинот на издавање на мислењето за оцена на влијанието врз природата.
Со ставовите (16) и (17) се уредува можноста инвеститорот кој го поседува решението за одобрување на елаборатот да го пренесе спроведувањето на проектот на друго лице. Лицето на кое се пренесува проектот ги презема правата и обврските што произлегуваат од решението и е одговорно за нивна имплементација. Преносот е дозволен само доколку нема промени во проектот, со што се спречува преку пренос на проектот да се избегнат обврските што произлегуваат од одобрениот елаборат.
Со ставовите (18) и (19) се воведува обврска за периодично доставување нов елаборат за заштита на животната средина, на секои седум години, за определени дејности и активности за кои не постои обврска за Б-интегрирана еколошка дозвола.
Целта на ова решение е да се обезбеди периодично преиспитување на влијанијата од дејностите и активностите врз животната средина, земајќи ги предвид промените во условите, технологиите и начинот на работење. При поднесувањето на новиот елаборат се приложува и претходното решение, а инвеститорот има обврска да го чува елаборатот во определениот рок.
Со ставот (20) се утврдуваат условите во однос на стручната квалификација на лицата кои можат да ги изготвуваат елаборатите за заштита на животната средина. Со тоа се обезбедува елаборатите да бидат изготвувани од лица со соодветно високо образование или од експерти за оцена на влијанието врз животната средина.
Со ставот (21) се овозможува решението за одобрување на елаборатот да се издава во електронска форма и да се доставува преку Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги.
Со ставот (22) се овозможува и жалбата против решението да може да се поднесува електронски преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.
Со ставот (23) се уредува начинот на постапување во случај на технички прекин на електронските системи, преку воведување можност за користење квалификувана електронска препорачана достава. Со ова се обезбедува континуитет на постапките и правна сигурност за подносителите.

Со членот 13 се предвидува бришење на членовите 28-а, 28-б, 28-в и 28-г од Законот за животната средина.
Бришењето на овие одредби е потребно заради преуредување и поедноставување на нормативната материја која се однесува на областите регулирани со наведените членови, односно заради усогласување на законската рамка со новите решенија предвидени со овој закон и соодветните подзаконски акти.
Со бришењето на наведените членови се избегнува преклопување на надлежности и постапки и се обезбедува појасна и посистематизирана структура на Законот за животната средина.

Со членот 14 се овозможува барањето од член 29 став (4) од Законот да може да се поднесува и во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.

Предложеното решение има за цел поедноставување и забрзување на постапката, намалување на административниот товар и усогласување на постапувањето со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.
Воедно, се уредува и резервен начин на доставување во случај на технички прекин на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, преку квалификувана електронска препорачана достава, со што се обезбедува континуитет на постапката.

Со членот 15 се воведува обврска податоците и информациите од член 40 став (4) од Законот да се доставуваат во електронска форма и/или да се внесуваат во Информативниот систем преку Македонскиот информативен центар за животна средина.
Со предложеното решение се унапредува системот за прибирање, обработка и управување со податоците од областа на животната средина, како и нивната достапност и употребливост за потребите на надлежните институции.
Воедно, со пренумерацијата на постојните ставови се обезбедува нивна соодветна систематизација по додавањето на новиот став.

Со членот 16 се вршат повеќе измени и дополнувања на член 40-а од Законот со цел да се прецизира начинот на доставување и формата на податоците и информациите од областа на животната средина.
Со изменувањето на ставот (1) се врши соодветно усогласување на упатувањето кон ставот (6), поради пренумерацијата на ставовите во членот.
Со изменувањето на ставот (3) се прецизира дека податоците и информациите може да се доставуваат во писмена, визуелна, аудио, електронска и/или друга форма, во зависност од барањето на надлежниот орган. Со ова се овозможува флексибилен пристап кон различните видови информации и начини на нивно доставување.
Со новите ставови (6) и (7) се овозможува електронско доставување на податоците и информациите преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат. Во случај на технички прекин на електронските системи, се предвидува можност за доставување преку квалификувана електронска препорачана достава.
На овој начин се создаваат услови за поголема ефикасност во размената на податоците и постепена целосна дигитализација на постапките во областа на животната средина.

Со членот 17 се врши целосно уредување на член 45 од Законот, со кое се прецизираат обврските за изготвување и објавување на извештаите за состојбата и квалитетот на животната средина.
Со ставот (1) се утврдува обврска органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина секоја година да изготвува годишен извештај за квалитетот на животната средина во Република Северна Македонија.
Со ставот (2) се воведува обврска секоја втора година да се изготвува индикаторски извештај за состојбата на животната средина. Индикаторскиот пристап овозможува состојбата на животната средина да се следи преку релевантни и споредливи показатели и обезбедува подобра основа за креирање и следење на политиките во областа на животната средина.
Со ставот (3) се уредува постапката за усвојување на годишниот и индикаторскиот извештај од страна на Владата на Република Северна Македонија и нивно доставување до Собранието за информирање. Со тоа се обезбедува институционална отчетност и информирање на законодавната власт за состојбите во животната средина.
Со ставовите (4) и (5) се утврдува обврска за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје да изготвуваат годишни извештаи за квалитетот на животната средина на своето подрачје и истите да ги доставуваат до надлежниот орган.

Со ставот (6) се утврдува надлежноста за публикување и дистрибуција на индикаторскиот извештај, додека со ставот (7) се определуваат изворите на финансирање за неговото изготвување и публикување.
Со предложените решенија се зајакнува системот на известување за состојбата на животната средина, се обезбедува поголема транспарентност и се унапредува информирањето на јавноста и институциите.

Со членот 18 се воведува можност барањето од член 53 став (1) од Законот да се поднесува во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.
Предложеното решение е во функција на дигитализација и поедноставување на административните постапки, овозможувајќи подносителите да ги остваруваат своите права без непосредно доставување на документацијата во хартиена форма.
Во случај на технички прекин на електронските системи, се предвидува алтернативна можност за доставување преку квалификувана електронска препорачана достава.

Со членот 19 се воведува можност решението од член 54 став (1) алинеја 2 од Законот да се издава во форма на електронски документ и да се доставува на профилот на корисникот преку Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги.
Со тоа се овозможува електронско издавање и доставување на решенијата и се поедноставува комуникацијата меѓу надлежниот орган и странките.
За обезбедување континуитет во постапувањето, во случај на технички прекин на електронските системи се предвидува доставување преку квалификувана електронска препорачана достава.

Со членот 20 се врши дополнување на член 55 од Законот со одредби со кои се овозможува електронско издавање и доставување на решението од ставот (6), како и електронско поднесување на жалбите од ставовите (7) и (8).
Со предложениот став (10) се овозможува решението да се издава како електронски документ и да се доставува преку Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги.
Со ставот (11) се овозможува жалбите да се поднесуваат електронски, со употреба на средство за електронска идентификација. На овој начин се олеснува пристапот до правната заштита и се намалува административниот товар за странките.
Со ставот (12) се обезбедува алтернативен начин на електронско доставување на решението и жалбите во случај на технички прекин на електронските системи, преку квалификувана електронска препорачана достава.

Со членот 21 се воведуваат повеќе можности за електронска размена на одлуки, формулари, придружни документи, решенија и жалби во постапката уредена со член 65 од Законот.
Со ставот (21) се овозможува одлуката, формуларите и придружните документи да се доставуваат во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност.
Со ставот (22) се овозможува наведените документи, како и решенијата, да се доставуваат во форма на електронски документ преку Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги.
Со ставот (23) се овозможува електронско поднесување на жалбите, со употреба на средство за електронска идентификација.
Со ставовите (24) и (25) се уредува начинот на постапување во случај на технички прекин на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, преку квалификувана електронска препорачана достава.

Со овие решенија се овозможува поголема ефикасност, побрза размена на документацијата и намалување на употребата на хартиена документација во административните постапки.

Со членот 22 се врши изменување и дополнување на член 76 од Законот, со цел прецизирање на опфатот на оценувањето на влијанијата врз животната средина и усогласување на елементите што се предмет на оценување.
Со изменувањето на ставот (2) се прецизира дека оценувањето во секој поединечен случај опфаќа определување, опис и процена на директните и индиректните влијанија што проектот ги има или би можел да ги има во текот на неговата изведба, работење и престанок со работа.
Воедно, се прецизираат елементите врз кои се оценуваат влијанијата, и тоа населението и здравјето на луѓето, биолошката разновидност, земјиштето, почвата, водата, воздухот, климата, културното наследство, материјалните добра и пределот, како и меѓусебните влијанија меѓу овие елементи.
Со новиот став (3) се предвидува во рамките на оцената да се земаат предвид и очекуваните влијанија што проектот би можел да ги има во случај на големи несреќи и/или катастрофи, доколку тие се релевантни за конкретниот проект. Со ова се зајакнува превентивниот карактер на постапката и се овозможува ризиците од вакви настани да бидат земени предвид при одлучувањето за проектот.
Со новиот став (4) се утврдува временскиот момент во кој треба да се спроведе оцената на влијанието врз животната средина, односно пред донесувањето на актот со кој се одобрува спроведувањето на проектот. Кога одобрувањето се врши во повеќе фази, оцената се спроведува во најраната, односно првата фаза на одобрување. Со ова се обезбедува прашањата поврзани со влијанијата врз животната средина да бидат разгледани навремено, пред да се донесе одлука која може да има значење за понатамошното спроведување на проектот.

Со членот 23 се врши изменување на член 77 став (2) од Законот со цел попрецизно определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина за генерално определените проекти.
Потребата од спроведување на постапката се утврдува за секој поединечен случај, при што се земаат предвид карактерот, обемот и локацијата на проектот, елементите од член 76 став (2), најновите научни и технички сознанија, како и решенијата содржани во прописите со кои се определуваат најниските граници на емисии во животната средина.
Со предложеното решение се обезбедува одлуката за потребата од спроведување на оцената да се темели на конкретните карактеристики и потенцијални влијанија на секој проект, наместо само на неговата формална класификација.

Со членот 24 се вршат измени и дополнувања на член 78 од Законот со кои се прецизираат условите и постапката за исклучување, во целост или делумно, на одредени проекти од обврската за спроведување оцена на влијанието врз животната средина.
Со изменувањето на ставот (1) се утврдува дека Владата на Република Северна Македонија, на предлог на надлежниот орган, може, испитувајќи го секој случај поединечно, да донесе одлука да не се спроведе оцена на влијанието врз животната средина за проекти чија единствена цел е воената одбрана на Република Северна Македонија или справувањето со вонредни состојби од цивилен карактер, доколку спроведувањето на оцената би имало негативно влијание врз остварувањето на тие цели.
Со ова се обезбедува можност за исклучок само во строго определени ситуации, при што условот е поврзан со реалната потреба да се заштити остварувањето на целта на проектот.

Со изменувањето на ставот (2) се утврдува обврска одлуката на Владата да биде објавена во рок од пет дена од нејзиното донесување на веб-страниците на релевантните институции и на општината на чие подрачје се реализира проектот. На овој начин се обезбедува навремено информирање на јавноста и засегнатите субјекти.
Со изменувањето на ставот (3) се пропишува дека одлуката се објавува заедно со образложение за нејзиното донесување, опис на влијанието на проектот врз животната средина согласно елементите од член 76 и податоци за адреса и електронска пошта на кои може да се доставуваат забелешки, мислења и предлози.
Со овие решенија се зајакнува транспарентноста и можноста јавноста да биде информирана за причините и потенцијалните влијанија поврзани со исклучувањето од постапката за оцена на влијанието врз животната средина.
Со изменувањето на ставот (6) се уредува правната заштита против одлуката на Владата, преку изречно утврдување на можноста засегнатото лице да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на објавувањето на одлуката.
Со бришењето на ставот (7) се врши усогласување на структурата на членот со новите решенија за објавување и судска заштита.

Со членот 25 се врши целосно уредување на постапката за оцена на влијанието на проектите врз животната средина, со јасно определување на нејзините фази. Притоа, се воспоставува целосен тек на постапката – од подготовка на студијата од страна на инвеститорот, преку консултации со јавноста, засегнатите органи и, каде што е применливо, прекугранични консултации, до стручно испитување на студијата и донесување решение за значајното влијание на проектот врз животната средина.
Особено се нагласува улогата на извештајот за соодветност на студијата, како стручен инструмент врз основа на кој надлежниот орган ја оценува комплетноста, квалитетот и релевантноста на доставените информации. Со интегрирањето на решението во актите со кои се одобрува спроведувањето на проектот се обезбедува заклучоците и условите од постапката за оцена на влијанието да бидат преточени во конкретни обврски при реализацијата на проектот.
Со ставот (2) се обезбедува оцената да ги опфати сите релевантни фази од животниот циклус на проектот, вклучително и неговата подготовка, изведба, работење и престанок, како и можностите за хаварии, отстранување на загадувачки материи и враќање на засегнатото подрачје во поранешната состојба кога тоа е предвидено со посебни прописи.
Со ставовите (3)–(6) се воспоставува обврска постапката да се спроведува во согласност со стандардите на најдобрата меѓународна практика и се овозможува нејзино детално методолошко уредување преку упатства. Предвиденото периодично ажурирање најмалку еднаш во седум години има за цел постапката да се усогласува со новите научни и технички сознанија и меѓународните практики.

Со членот 26 се врши поцелосно и попрецизно уредување на почетната фаза од постапката – известувањето за намерата за спроведување на проект.
Се утврдува јасна обврска за инвеститорот да ја извести надлежната институција за намерата за реализација на проектот и да ги достави потребните информации за да може да се утврди дали и во кој обем е потребно спроведување на оцена на влијанието врз животната средина.
Значајна новина е задолжителното доставување на геопросторни податоци за проектниот опфат во електронска форма и во определени формати. На овој начин се овозможува подобра просторна анализа на проектите, полесна идентификација на засегнатите подрачја и поефикасно поврзување со релевантните бази на податоци.
Дополнително, се уредува поврзаноста меѓу постапката за оцена на влијанието врз животната средина и постапката за оцена на влијанието врз природата. Со тоа се обезбедува аспектите на заштитата на природата да бидат земени предвид уште во раната фаза на постапката.

Со ставовите (11)–(14) се воведуваат рокови за постапување на надлежниот орган, обврска за објавување на комплетираното известување и овластување министерот да ги пропише потребните информации и придружната документација. Целта е да се зголемат правната сигурност, предвидливоста и ефикасноста на постапката.
Со ставот (16) му се овозможува на инвеститорот уште во известувањето да предложи карактеристики и мерки со кои би се избегнале, спречиле или намалиле значителните негативни влијанија врз животната средина, што придонесува кон превентивен пристап во заштитата на животната средина.

Со членот 27 се уредува постапката за утврдување дали за конкретен проект е потребно спроведување на оцена на влијанието врз животната средина.
Се воспоставува рок од 30 дена за завршување на постапката по комплетираното известување, со можност рокот да се продолжи до најмногу 90 дена во случаи кога се применуваат нови технологии. На овој начин се воспоставува рамнотежа меѓу потребата за ефикасно административно постапување и потребата од дополнително стручно разгледување на сложени или технолошки нови проекти.
Со решението надлежниот орган е должен да ги наведе главните причини поради кои утврдил дека оцената е или не е потребна, што придонесува кон транспарентноста и овозможувањето на ефективна правна заштита.
Се уредува и можноста инвеститорот истовремено со известувањето за намерата да поднесе барање за определување на обемот на оцената. Ова овозможува скратување на постапката и избегнување непотребно последователно административно постапување.
Со ставот (8) се спречува решението за потребата од оцена да остане во сила неограничено време доколку проектот не се реализира во разумен период. Со рокот од две години се обезбедува одлуката да се заснова на релевантни и актуелни податоци.
Со ставот (9) се обезбедува право на жалба не само за инвеститорот, туку и за засегнатите лица и здруженијата на граѓани формирани за заштита и унапредување на животната средина. На тој начин се зајакнува пристапот на јавноста до правна заштита во раната фаза на постапката.
Ставовите (13)–(16) се однесуваат на дигитализацијата на постапката, со можност решенијата, жалбите и барањата да се поднесуваат и доставуваат по електронски пат, а истовремено се предвидува алтернативен механизам преку квалификувана електронска препорачана достава во случај на технички прекин.

Со членот 28 се уредува подготовката, доставувањето и консултирањето на студијата за оцена на влијанието врз животната средина.
Се утврдува обврска инвеститорот да ја достави студијата и во електронска форма, со што се олеснува нејзината обработка, достапност и објавување.
Се зајакнува одговорноста за квалитетот на студијата преку задолжително ангажирање најмалку едно лице од Листата на експерти, кое ја потпишува студијата како одговорно лице.
Со обврската надлежните институции да ги стават на располагање релевантните информации на инвеститорот се олеснува подготовката на студијата врз основа на достапни официјални податоци.
Особено значајни се одредбите за јавноста. Студијата се објавува во рок од пет работни дена, а консултациите траат најмалку 30 и најмногу 45 дена. Со тоа се обезбедува реална можност јавноста и надлежните институции да ги разгледаат информациите и да достават мислења.
Се уредува и постапувањето со нецелосни студии, при што инвеститорот добива рок за дополнување или преработка. Доколку не постапи во определениот рок, постапката се запира, со право на жалба.
Електронското поднесување на решението и жалбата и алтернативната електронска достава во случај на технички прекин се воведуваат со цел постапката да биде усогласена со современите правила за електронско управување.

Со членот 29 се прецизира минималната содржина на студијата за оцена на влијанието врз животната средина.
Се обезбедува студијата да содржи информации за проектот, неговите веројатни значајни влијанија, мерките за избегнување, спречување, намалување и, каде што е можно, неутрализирање на негативните влијанија, како и разгледување на релевантните алтернативи.
Посебно значење има обврската за изработка на нетехничко резиме, со што сложените стручни информации стануваат попристапни за пошироката јавност.
Дополнителните информации треба да се определуваат во зависност од специфичните карактеристики на конкретниот проект и карактеристиките на животната средина што може да бидат засегнати. На овој начин се овозможува содржината на студијата да биде прилагодена на конкретниот проект, наместо да има формален и унифициран пристап независно од неговата природа и локација.

Со членот 30 се врши прецизирање на условите за стекнување на соодветните стручни квалификации за експертите, преку дополнително определување на областите на високо образование од кои треба да произлегуваат релевантните знаења.
Целта е да се обезбеди лицата кои учествуваат во оцената на влијанието врз животната средина да располагаат со образование соодветно на техничката, природно-научната и друга стручна сложеност на оваа постапка.

Со членот 31 се воведува можност барањата и доказите поврзани со постапката за стекнување соодветно овластување да се поднесуваат електронски преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник.
Воедно, се овозможува доказите кои се прибавуваат по службена должност да се разменуваат преку Националната платформа за интероперабилност. Со тоа се намалува административниот товар за странките и се поттикнува службената размена на податоци меѓу институциите.
Предвиден е и резервен механизам преку квалификувана електронска препорачана достава при технички прекин на електронските системи.

Со членот 32 се овозможува решението од членот 85-ж да се издава како електронски документ и да се доставува преку профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги.
Со алтернативната квалификувана електронска препорачана достава се обезбедува континуитет на постапувањето и во случај на технички прекин на електронските системи.

Со членот 33 се воведува истоветно електронско постапување и за решението од членот 85-и.
Целта е да се обезбеди електронска комуникација со подносителите, побрзо доставување на актите и намалување на административните и материјалните трошоци, при што се задржува квалификуваната електронска препорачана достава како резервен механизам.

Со членот 34 се овозможува решението од членот 85-ј да биде издадено и доставено во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги или Една точка за услуги.
Предвидениот механизам за квалификувана електронска препорачана достава во случај на технички прекин обезбедува непрекинатост на административната постапка.

Со членот 35 се продолжува процесот на дигитализација и кај решението од членот 85-т. Решението може да се достави во електронска форма преку профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги.

Со тоа се воспоставува унифициран начин на електронска комуникација во постапките поврзани со експертите и оцената на влијанието врз животната средина.

Со членот 36 целосно се редефинира постапката за подготовка на извештајот за соодветност на студијата за оцена на влијанието врз животната средина.
Се утврдува дека извештајот се подготвува по завршувањето на консултациите со јавноста и засегнатите органи, преку Комисијата од членот 86-а, од страна на надлежниот орган и/или овластени лица од Листата на експерти.
Особено се зајакнува независноста и непристрасноста на постапката. На експертот кој претходно го изготвил известувањето за намерата, мислењето за обемот или студијата му се забранува да го изготвува извештајот за соодветност. Со тоа се спречува едно исто лице да го оценува сопствениот претходен стручен ангажман.
Со ставовите (3) и (4) дополнително се уредува спречувањето на судирот на интереси, особено во ситуации кога надлежниот орган истовремено има улога на инвеститор. Обврската за доставување изјава за судир на интереси ја зголемува транспарентноста и интегритетот на постапката.
Со ставот (6) се овозможува оценувањето да не биде ограничено само на информациите содржани во документацијата на инвеститорот. Надлежниот орган и Комисијата можат да вршат сопствена стручна анализа и да користат дополнителни релевантни фактички и стручни информации во рамките на својата надлежност.
Се зајакнува и врската со постапката за оцена на влијанието врз природата. Доколку во таа постапка е донесено негативно мислење, надлежниот орган за животната средина е должен да донесе решение со кое се одбива спроведувањето на проектот.
Со ставовите (9)–(12) се определува содржината на извештајот и роковите за негово изготвување. Основниот рок е 60 дена, со можност за продолжување за најмногу 30 дена во оправдани, особено сложени случаи. Доколку се утврдат недостатоци во студијата, таа може да биде вратена на инвеститорот за дополнување или доработка.
Со објавувањето на извештајот во рок од пет дена од неговото изготвување се обезбедува поголема транспарентност и информираност на јавноста.
Конечно, со ставовите (15) и (16) се овозможува детално нормативно уредување на формата, содржината и начинот на изготвување на извештајот, како и на начинот на овластување на експертите кои ќе го изготвуваат. На тој начин се создава основа за поеднаква, стручна и транспарентна примена на постапката.

Со членот 37 се предлага воведување на нов член 86-а со кој се уредува формирањето и составот на Комисијата за изготвување на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
Целта на предложеното решение е да се обезбеди поголема стручност, објективност и транспарентност при оценувањето на квалитетот и соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина. Се утврдува обврска министерот, во рок од пет дена од приемот на студијата, да формира комисија составена од најмалку пет члена.
Членовите на комисијата можат да бидат избрани од редот на вработените во надлежниот орган со најмалку пет години работно искуство во областа на животната средина, како и од редот на надворешни стручни лица. За надворешните стручни лица се обезбедува критериум на стручност преку нивен избор од Листата на експерти за оцена на влијание на проекти врз животната средина.
На овој начин се создава формализиран механизам за стручна проверка на студијата и се обезбедува дека извештајот за нејзината соодветност ќе биде изготвен во роковите утврдени со закон.

Со членот 38 се врши изменување и дополнување на член 87, со цел да се прецизираат основите врз кои надлежниот орган ја донесува одлуката за давање согласност или одбивање на барањето за спроведување на проектот.
Со предложеното решение се обезбедува одлуката да се темели на повеќе релевантни елементи: студијата за оцена на влијанието врз животната средина, извештајот за

нејзината соодветност, јавната расправа, добиените мислења и дополнителното испитување, доколку е спроведено.
Дополнително се прецизира содржината на решението, особено во делот на мерките за избегнување, спречување, намалување и, каде што е можно, неутрализирање на штетните влијанија врз животната средина, како и мерките за следење и мониторинг.
Се уредува и рокот и начинот на доставување и објавување на решението, неговата важност од две години, можноста за еднократно продолжување, како и условите под кои може да се изврши пренос на правата и обврските од решението на друг инвеститор.
Со овие измени се овозможува поголема правна сигурност за инвеститорите, но истовремено се спречува преносот на проектот без преземање на обврските поврзани со заштитата на животната средина.
Дополнувањето со електронско издавање и доставување на решенијата има за цел да ја олесни и забрза административната постапка и да овозможи користење на Националниот портал за електронски услуги.

Со членот 39 се врши усогласување на член 88 со новите ставови воведени во член 87.
Со предложениот нов став се утврдува обврска надлежниот орган за издавање на дозволата или решението за спроведување на проектот по службена должност да ја проверува важноста на решението со кое е дадена согласност за спроведување на проектот.
Целта е да се спречи издавање дозволи или други акти врз основа на истечено решение за согласност за спроведување на проектот.
Истовремено, се пропишува дека дозволата или решението издадено спротивно на овие правила ќе се смета за ништовно, со што се зајакнува правната сигурност и се обезбедува почитување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина.

Со членот 40 се овозможува електронско поднесување на жалби и барања во постапките уредени со член 89.
Целта е административните постапки да се приспособат на современите електронски услуги и да им се овозможи на странките своите права да ги остваруваат преку Националниот портал за електронски услуги.
Истовремено, се предвидува алтернативен начин на електронска достава преку квалификувана електронска препорачана достава во случај на технички прекин на Националниот портал или Националната платформа за интероперабилност.
Со тоа се обезбедува континуитет на постапките и во случај на технички проблеми.

Со членот 41 значително се унапредува системот на информирање и учество на јавноста во постапката за оцена на влијанието врз животната средина.
Се прецизираат информациите и документите кои надлежниот орган и општината се должни да ги објавуваат, вклучително:

- известувањето за поднесено известување;
- решението за утврдување на потребата од оцена;
- студијата за оцена на влијанието;
- извештајот за соодветноста на студијата;
- решението со кое се дава или одбива согласност;
- местото и времето на јавната расправа;
- кратката содржина на мислењата.

Целта е да се зголеми транспарентноста на постапката и да се овозможи засегнатата јавност навремено да располага со релевантните информации.

Предвидувањето на дополнително објавување во дневен весник во случај на необјавување на информациите на предвидениот начин претставува дополнителен механизам за обезбедување на јавноста со информации.
Дополнително, со ставот 3 се утврдува обврска на инвеститорот да ги прибави објавените информации и документација и, по барање, да ги достави до надлежниот орган.

Со членот 42 се уредува одржувањето на јавната расправа.
Се овозможува јавната расправа да биде одложена доколку на неа не присуствуваат инвеститорот и лицата кои ја подготвиле студијата. На тој начин се обезбедува јавноста да има можност да поставува прашања и да добива непосредни одговори од субјектите директно вклучени во подготовката на проектот и студијата.
Се утврдува и обврска за водење записник и листа на присутни, како и обврска инвеститорот да обезбеди присуство на одговорниот експерт кој ја подготвил студијата.
Целта е да се зајакне квалитетот и ефективноста на јавната расправа и да се обезбеди реално учество на јавноста во постапката.

Со членот 43 се прецизира распределбата на трошоците во постапката за оцена на прекуграничното влијание врз животната средина.
Се предвидува трошоците за превод и другите трошоци поврзани со постапката да бидат на товар на инвеститорот.
Дополнително, се воведува можност Владата да иницира меѓувладини консултации за проекти со прекугранично влијание. Консултациите можат да се реализираат преку заеднички комисии, состаноци на експерти, видеоконференции и размена на информации по електронски пат или со официјални писма.
Целта е да се олесни комуникацијата со засегнатите држави и да се обезбеди поефикасно разгледување на прекуграничните влијанија.

Со членот 44 се дополнува содржината на информациите во постапката за прекугранично влијание.
Покрај информациите за влијанијата, се додаваат и мерките за мониторинг.
Целта е засегнатата јавност и надлежните органи да бидат информирани не само за можните влијанија на проектот, туку и за начинот на нивно следење и контрола.

Со членот 45 се уредува можноста за организирање јавна расправа на територијата на Република Северна Македонија која би била најмногу погодена од спроведувањето на проектот, по барање на засегнатата јавност.
Со тоа се овозможува јавната расправа да биде поблиску до населението кое потенцијално ќе биде најдиректно засегнато од проектот.
Сите трошоци за превод, известување и организирање на јавната расправа се определуваат како трошоци на инвеститорот.

Со членот 46 се овозможува електронско поднесување на барањето и документацијата во постапката од член 96.
Ова претставува дел од поширокиот процес на дигитализација на административните постапки и има за цел да го намали административниот товар за подносителите.
Воедно, се предвидува алтернативна електронска достава преку квалификувана електронска препорачана достава во случај на технички прекин на електронските системи.

Со членот 47 се воведува можност решението од член 97 да се издава во електронска форма, а жалбата да се поднесува електронски.
На овој начин се овозможува целосно или делумно електронско спроведување на постапката, со користење на електронска идентификација.

Предвиден е и резервен механизам преку квалификувана електронска препорачана достава во случај на технички прекин на системите.

Со членот 48 се врши аналогно уредување на електронското издавање на решението и електронското поднесување на жалбата во постапката од член 106.
Целта е да се обезбеди унифициран пристап кон дигитализацијата на административните постапки во областа на животната средина.

Со членот 49 се воведува можност за електронско издавање на решението и електронско поднесување на жалбите во постапките од член 108.
Со тоа се олеснува комуникацијата меѓу странките и надлежниот орган и се овозможува побрзо и поефикасно спроведување на административните постапки.

Со членот 50 се менува рокот за поднесување барање за обновување на А-интегрираната еколошка дозвола, така што операторот е должен да го поднесе барањето најдоцна три месеци пред истекот на важноста на дозволата.
Особено значајно е воведувањето на последицата за ненавремено поднесување на барањето.
Доколку операторот не поднесе барање во законскиот рок, дозволата престанува да важи со истекот на нејзината важност, а операторот не смее да ја врши активноста до добивање нова дозвола.
Целта е да се обезбеди континуирано работење на инсталациите само под условите и мерките утврдени со важечка интегрирана еколошка дозвола.

Со членот 51 се овозможува електронско издавање на решението, електронско поднесување на жалбата и електронско поднесување на барањето за обновување на А-интегрираната еколошка дозвола.
Со ова се воспоставува електронска комуникација меѓу операторите и надлежниот орган и се намалува потребата од физичко поднесување документи.
Како и во претходните одредби, се предвидува квалификувана електронска препорачана достава како резервен механизам при технички прекин.

Со членот 52 се овозможува барањето од член 116 да се поднесува електронски преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги.
Со тоа се олеснува пристапот до постапката и се намалуваат административните трошоци и времето потребно за поднесување на документацијата.

Со членот 53 се овозможува електронско поднесување на барањето, електронско издавање на решението и електронско поднесување на жалбите во постапката од член 118.
Предложеното решение има за цел да обезбеди целосна електронска комуникација во различните фази на постапката, со што се зголемува ефикасноста и транспарентноста
.
Со членот 54 се воведува можност решението од член 119 да се издава во електронска форма, а жалбата да се поднесува електронски.
Со оваа измена се продолжува процесот на дигитализација на постапките од областа на животната средина и се овозможува поедноставен пристап на странките до административните услуги.

Со членот 55 се овозможува барањето и придружната документација од член 124 да се поднесуваат во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги.

Предложеното решение има за цел да го олесни и забрза поднесувањето на барањата, да го намали користењето хартиена документација и да овозможи поефикасна комуникација со надлежниот орган.
Во случај на технички прекин на електронските системи, се предвидува користење квалификувана електронска препорачана достава, со што се обезбедува непречено остварување на правата и обврските на странките.

Со членот 56 се врши дополнување на членот 126 од Законот за животната средина со цел да се овозможи целосна електронизација на постапката за издавање и доставување на решението, како и за поднесување на жалба.
Со новиот став (10) се овозможува решението од ставот (1) на членот 126 да се издава и како електронски документ и да се доставува преку профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или преку Една точка за услуги. На овој начин се овозможува постапката да се спроведува без потреба од доставување во хартиена форма.
Со ставот (11) се овозможува и жалбите да се поднесуваат електронски, со употреба на средство за електронска идентификација, преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.
Со ставот (12) се уредува постапувањето во случај на техничка недостапност на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност. Во таков случај се обезбедува алтернативен начин на електронска достава преку квалификувана електронска препорачана достава.
На овој начин се обезбедуваат пристапност, правна сигурност, континуитет на постапката и заштита на процесните права на странките, независно од евентуални технички пркини.

Со членот 57 се врши дополнување на членот 127 со одредби со иста цел како и кај членот 56, односно овозможување електронско спроведување на постапката.
Се овозможува решението од ставот (2) да се издава како електронски документ и да се доставува преку Националниот портал за електронски услуги или Една точка за услуги.
Истовремено, се овозможува жалбата од ставот (3) да се поднесува електронски со употреба на средство за електронска идентификација.
Предвидениот став (7) обезбедува резервен начин на доставување во случај на технички прекин на Националниот портал или Националната платформа за интероперабилност.
Со предложеното решение се постигнува усогласување на постапката со системот на електронско управување и електронски услуги, при што се задржува можноста за непречено остварување на правото на жалба.

Со членот 58 се вршат повеќе измени во членот 148 со кои се уредува постапката за испитување на извештаите за мерки за безбедност.
Најнапред, со измената на упатувањето во ставот (3) се врши усогласување на внатрешните упатувања во членот 148 со новото нумерирање на ставовите.
Со измената на ставот (4) се прецизира постапката и рокот за доставување на извештајот за мерки за безбедност до Комисијата за испитување на извештаите за мерки за безбедност. Имено, надлежниот орган е должен извештајот да го достави до Комисијата во рок од пет дена од неговото доставување од страна на операторот.
Со новиот став (5) се утврдува составот на Комисијата. Таа ќе има четири члена со соодветна стручност: двајца од областа на технолошките науки, еден од областа на хемиските науки и еден од областа на заштитата на животната средина.
На овој начин се обезбедува мултидисциплинарна стручна оценка на извештаите, имајќи предвид дека мерките за безбедност опфаќаат технолошки, хемиски и аспекти поврзани со заштитата на животната средина.

Со новиот став (6) се утврдува обврска надлежниот орган, по претходно добиено мислење од Комисијата, во рок од осум месеци од приемот на извештајот да донесе решение со кое ќе ги достави заклучоците од испитувањето до операторот или ќе забрани воведување во употреба или продолжување со употреба на системот согласно членот 152.
Со тоа се воспоставува јасна институционална и временска рамка за оценување на мерките за безбедност и донесување одлука за понатамошното користење на системот.

Со членот 59 се врши усогласување на членот 152 со измените во членот 148, како и воведување можност за електронско издавање и доставување на решенијата и електронско поднесување на жалбата.
Со измената во ставот (7) се врши корекција на упатувањето кон ставот (6), како последица на новото нумерирање.
Со новиот став (8) се овозможува решенијата од ставовите (4) и (5) да се издаваат во електронска форма.
Со новиот став (9) се овозможува жалбата да се поднесува електронски преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.
Со ставот (10) се обезбедува резервен механизам за електронска достава во случај на технички прекин.
Целта е да се обезбеди побрзо, поефикасно и потранспарентно спроведување на постапката, без ограничување на правото на жалба.

Со членот 60 се интервенира во членот 157, кој ја уредува одговорноста за еколошка штета.
Постојната регулатива ја заснова одговорноста за еколошка штета на принципот „загадувачот плаќа“ и предвидува обврска за превенција и ремедијација на штетата.
Со новиот став (15) се уредува ситуацијата кога не може да се утврди операторот кој ја предизвикал непосредната закана од штета или еколошката штета, а станува збор за локација во државна сопственост.
Во таков случај надлежниот орган е должен да ја спроведе постапката за процена на значителноста на штетата и определување на мерките за ремедијација, или за спроведување на тие активности да овласти проценител согласно Законот за процена.
Со ова се спречува состојба во која, поради неможноста да се идентификува загадувачот, останува нерешен проблемот со загадената локација.
Со ставовите (16), (17) и (18) се овозможува електронско издавање на решенијата, електронско поднесување на жалбата и алтернативна електронска достава во случај на технички прекин.

Со членот 61 се дополнува членот 158 со цел да се уреди финансирањето на ремедијацијата во случаите кога не може да се утврди операторот одговорен за еколошката штета на локација во државна сопственост.
Со ставот (5) се определува дека средствата за овие мерки се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, преку Програмата за инвестирање во животната средина.
Ова е неопходно за да се обезбеди практична примена на предложениот член 157 став (15), односно да постои обезбеден извор на средства за спроведување на ремедијацијата кога нема идентификуван оператор од кого би можеле да се побараат трошоците.
Со ставовите (6) и (7) се овозможува електронско поднесување на барањето и се предвидува алтернативен начин на доставување при техничка недостапност на електронските системи.

Со членот 62 се врши терминолошко усогласување на членот 163 со терминологијата на Монтреалскиот протокол.

Наместо поширокиот израз „супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка“ се користи терминот „супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол“.
Целта е да се обезбеди попрецизно и недвосмислено определување на супстанциите кои се предмет на регулација.

Со членот 63 се врши истото терминолошко усогласување и во членот 164.
Измената овозможува одредбата да се поврзе директно со списокот на супстанции утврден со Монтреалскиот протокол, со што се обезбедува поголема правна прецизност и усогласеност на националната регулатива со меѓународните обврски.

Со членот 64 се врши техничко усогласување на упатувањето во членот 165 став (1).
Наместо упатување само на ставот (2), се упатува на ставовите (2) и (3).
Измената е потребна за да се обезбеди правилна примена на одредбата поради проширувањето на релевантните обврски во членот 165.

Со членот 65 се дополнува членот 167 со цел постапката да може да се спроведува и по електронски пат.
Со ставот (6) се овозможува решението од ставот (2) да биде издадено како електронски документ и доставено преку Националниот портал за електронски услуги или Една точка за услуги.
Со ставот (7) се овозможува жалбата да се поднесува електронски со употреба на средство за електронска идентификација.
Со ставот (8) се предвидува алтернативна електронска достава преку квалификувана електронска препорачана достава во случај на технички прекин.
Целта е забрзување и поедноставување на административната постапка, без да се намалуваат правата на странките.

Со членот 66 се менува висината на надоместокот за добивање дозвола за увоз на супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол.
Надоместокот се диференцира во зависност од видот на супстанцијата и нејзиниот потенцијал на глобално затоплување (GWP).
Предвидени се различни категории:

- супстанции од Анекс Ц, група I – 62 денари/kg;
- супстанции од Анекс Ф, група I со GWP од 1.000 до под 2.000 – 8 денари/kg;
- со GWP од 2.000 до под 3.000 – 12 денари/kg;
- со GWP 3.000 или повеќе – 15 денари/kg.

Со предложената диференцијација се создава попрецизен систем на надоместоци кој ја зема предвид климатската штетност на супстанциите, односно нивниот потенцијал да придонесат кон глобалното затоплување.

Со членот 67 се проширува членот 180 со воведување надоместоци и за пловни објекти и трактори од категориите Т и С.
За пловните објекти висината на надоместокот се определува според:

- староста на пловниот објект;
- моќноста на моторот;
- видот на погон.

Со зголемување на староста и моќноста на моторот се зголемува и надоместокот.
За тракторите надоместокот се определува според староста и моќноста на моторот.

Со ваквото решение се воспоставува диференциран пристап кон надоместоците, кој ги зема предвид релевантните карактеристики на моторните возила/пловните објекти и нивниот потенцијал за влијание врз животната средина.
Бришењето на ставот (2), како и промената на нумерацијата и соодветните упатувања во останатите ставови, се врши поради новото систематско уредување на членот.
Дополнувањето на можноста пловниот објект да работи и на „хибриден“ погон претставува усогласување со современите технологии на погон и овозможува правилото да ги опфати и овие видови пловни објекти.

Со членот 68 се врши техничко усогласување на упатувањето во членот 184.
Со оглед на промените во нумерацијата и содржината на членот 165, се заменува упатувањето кон ставот (8) со упатување кон ставот (2).
Целта е да се обезбеди точно внатрешно упатување и непротивречна примена на Законот.

Со членот 69 се прошируваат овластувањата на инспекцискиот надзор во членот 198.
Со измената на точката 4-а) се прецизира овластувањето на инспекторот да утврдува дали правните лица и трговците поединци кои увезуваат и/или извезуваат супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол и производи што ги содржат тие супстанции ги исполнуваат обврските за известување и постапување согласно прописот донесен врз основа на членот 22-а став (4).
Со новата точка 24-а) се воведува овластување инспекторот да проверува дали се имплементираат мерките за следење и мониторинг утврдени во решението со кое се дава согласност за спроведување на проектот.
На овој начин се зајакнува инспекцискиот надзор не само врз формалното исполнување на обврските, туку и врз нивното фактичко спроведување.

Со членот 70 се дополнува членот 200 со можност решението од ставот (1) да се издава како електронски документ.
Решението ќе може да се доставува преку Националниот портал за електронски услуги или Една точка за услуги.
Во случај на технички прекин се предвидува доставување преку квалификувана електронска препорачана достава.
Со предложеното решение се обезбедува континуитет на административната постапка и побрза комуникација меѓу органот и странката.

Со членот 71 се дополнува членот 203 на ист начин, односно се овозможува решението од ставот (1) да биде издадено и доставено како електронски документ.
Истовремено се предвидува резервен механизам за доставување преку квалификувана електронска препорачана достава при технички прекин на електронските системи.
Целта е усогласување на постапката со современиот систем на електронско управување.

Со членот 72 се дополнува членот 204-а со можност решенијата од ставовите (1) и (2) да се издаваат во електронска форма.
Со тоа се опфаќаат двете категории решенија предвидени со членот 204-а, а ставот (6) обезбедува алтернативен начин на достава при техничка недостапност на електронските системи.
Целта е да се обезбеди единствен пристап кон електронската комуникација во управните постапки од областа на животната средина.

Со членот 73 се менува начинот на користење на средствата од надоместоците за извршен инспекциски надзор.

Средствата за надзорот извршен од Државниот инспекторат за животна средина ќе се уплаќаат на сметка на надлежниот орган на државната управа за животната средина и ќе се користат:

1. за покривање на трошоците од извршениот надзор; и
2. за спроведување активности од надлежност на органот во обласа на заштитата и унапредувањето на животната средина.

Со ова се овозможува средствата остварени преку надоместоците да се користат директно за активностите за кои се наменети, особено за јакнење на инспекцискиот надзор и заштитата на животната средина.

Со членот 74 се дополнува членот 211 со нова надлежност на органот.
Се воведува обврска за водење евиденција на програмите, проектите и другите активности на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје кои се корисници на средствата од Програмата од членот 172.
Целта е да се обезбеди систематизирана евиденција и подобар увид во користењето на средствата од Програмата за инвестирање во животната средина, како и подобро следење на реализацијата на финансираните активности.

Со членот 75 се врши усогласување на називот на надлежната второстепена комисија со нејзината актуелна законска надлежност.
Наместо „Државната Комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка", се употребува називот „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен".
Со новиот став (10) се овозможува жалбата да се поднесува електронски, со електронска идентификација, преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник.
Со ставот (11) се уредува алтернативниот начин на доставување во случај на технички прекин на Националниот портал или Националната платформа за интероперабилност.
Со ова се обезбедува полесно остварување на правото на жалба и усогласување на второстепената постапка со системот на електронско управување.

Со членот 76 се менува точката 4 од членот 212-е став (1), со цел да се прецизира прекршочната одговорност поврзана со увозот и извозот на производи и супстанции од списокот на Монтреалскиот протокол.
Со предложената формулација се опфаќаат две ситуации:

- неизвестување за увезените и/или извезените производи и супстанции; и
- непостапување со нив согласно членот 22-а од Законот.

На овој начин се обезбедува јасна поврзаност меѓу материјалните обврски од членот 22-а и прекршочните одредби, со што се создава попрецизна правна основа за инспекциско и прекршочно постапување.

1. списокот на Монтреалскиот протокол, нивниот увоз/извоз, известувањето и надзорот.
2. Подобрување на надзорот и финансирањето на заштитата на животната средина – членовите 67, 69, 73 и 74 воведуваат/прецизираат надоместоци, инспекциски овластувања, користење на средствата од надоместоците и евиденција на финансираните програми и проекти.

Со член 77 се уредува преодниот режим за започнатите постапки за одобрување на проекти.

Се предвидува постапките кои се започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон да продолжат и да завршат согласно одредбите на Законот за животната средина што важеле пред неговото влегување во сила.
Со ова се обезбедува правна сигурност и непречено завршување на веќе започнатите постапки, како и избегнување на примена на новите правила на постапки кои се започнати согласно претходно важечката регулатива.

Со член 78 се утврдува рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на законот за донесување на подзаконските прописи предвидени со законските измени.
На овој начин се обезбедува доволен период за надлежните органи да ги подготват и донесат потребните подзаконски акти и да се создадат услови за целосна примена на законските одредби.

Со член 79 се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.
Ова е потребно поради поголемиот број измени и дополнувања на законот, со цел граѓаните, правните лица и органите на управата да имаат јасен, систематизиран и прегледен текст на Законот.

Со член 80 се определува денот на влегување во сила на законот, односно осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија во овој предлог закон, меѓусебно се поврзани и се надополнуваат.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение ќе се транспонира Директивата 2014/52/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 16 април 2014 за изменување на Директивата 2011/92/ЕУ за оцената на влијанијата на одредени јавни и приватни проекти врз животната средина донесена од Европскиот парламент и на Советот на Европа на 13 декември 2011 година.

Со донесување на предлог законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина ќе се овозможи:

- зачувување, обновување и унапредување на квалитетот на животната срдина;
- обезбедување висок степен на заштита на животот и здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност и деградација на екосистемите;
- рационално и одржливо користење на природните богатства;
- зачувување на вредноста на културното наследство за општеството;
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми во животната средина;
- воспоставување на еквивалетни барања за заштита на животната средина за сите видови проекти, согласно влијанието што го имаат од вршењето на дејноста или активноста;
- намалување, избегнување и спречување на ризици од настанување големи несреќи и/или катастрофи со импликации за веројатноста од значајни штетни влијанија врз животната средина и
- и зајакнување на транспарентноста и јавниот пристап до информации за животната средина.

Истотака во овој предлог закон се врши дополна на висина на надоместоците за увоз и извоз и надоместок за правни и физички лица што ја загадуваат животната средина со користење на пловни објекти и трактори, и дефинирање на супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка согласно Монтрелскиот протокол.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ШТО СЕ МЕНУВААТ, ОДНОСНО СЕ ДОПОЛНУВААТ

Член 5

30. Проект е развоен документ со кој се анализираат и се дефинираат конечните решенија за користење на природните и на создадените вредности, вклучувајќи ги оние на искористување на минерални суровини и се уредува изградбата на објекти и инсталации и спроведување на други дејности и активности кои имаат влијание врз животната средина, пределот и врз здравјето на луѓето;

32. Оцена на влијанието врз животната средина е процена на можните влијанија на одредени плански документи, проекти и планирани активности врз животната средина;

60. Опасни супстанции во средствата за ладење се хемикалии кои се присутни во средствата за ладење кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или припаѓаат на групата на стакленички гасови;

62. Ремедијација на животната средина е мерка за санација на постојното загадување на животната средина, со цел намалување на концентрациите на загадувачките материи и супстанции до ниво кое не претставува опасност по животната средина и

63. Стручен орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина е Управата за животна средина согласно со членот 160 од овој закон.

Член 20

- градење или реконструкција на нови инсталации од тешка и загадувачка индустрија (Г1) на растојание помало од пет километри од населено место или заштитено природно подрачје,

Член 22-а

(1) Правното лице односно трговец поединец кое врши увоз и/или извоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или на производи кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка треба да поседува дозвола за увоз и/или извоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или на производи кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка, која ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка.

(3) Правното лице односно трговец поединец од ставот (1) на овој член еднаш годишно, најдоцна до 1 март во тековната година, доставува извештај за претходната година за увезените и/или извезените супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и начинот на доставување на извештајот од ставот (3) на овој член за увезени и/или извезени супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка и/или за производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка.

Член 22-б

(1) Со средствата за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење се постапува на начин со кој се спречува ослободување на опасни супстанции штетни по животната средина и се обезбедува нивно редовно одржување и спречување на истекувањата.

(2) Со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење може да постапува лице кои поседува лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење (во натамошниот текст: лиценца).

(3) Лиценцата ја издава стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина за временски период од пет години врз основа на поднесено барање од правно лице, односно трговец поединец.

(4) Два месеца пред истекот на временскиот период на важноста на лиценцата од ставот (3) на овој член, носителот на лиценцата е должен да поднесе барање за продолжување на истата.

(5) Лиценцата се издава во категории во зависност од видот на средствата за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење и активностите кои се преземаат при сервисирање и инсталација на истите.

(6) Лиценца може да добие правно лице или трговец поединец.

(7) Правно лице, односно трговец поединец може да се стекне со лиценца во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето доколку ги исполнува следниве услови:

- има простор и опрема за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење вклучувајќи опрема за собирање, обновување и рециклирање;

- има вработено најмалку едно лице кое има уверение за положен стручен испит за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење или има завршено високо образование од областа на техничките науки и

- е регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(8) Лиценцата од ставот (2) на овој член се одзема доколку лицето не поднело барање за продолжување на лиценцата во рокот од ставот (4) на овој член, како и доколку престане да ги исполнува условите од ставот (7) на овој член.

(9) Доказот за исполнување на условите од ставот (7) алинеја 3 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

(10) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (7) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(11) Правното лице, односно трговец поединец кое постапува со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење до стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина, најдоцна до 1 март во тековната година, доставува извештај за претходната година за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење со кои постапувал.

(12) Правното лице, односно трговец поединец кое поседува средства за ладење и/или производи од ставот (1) на овој член, најмалку еднаш годишно зависно од количината на супстанцијата во опремата и нивно собирање, обновување и рециклирање презема превентивни мерки заради минимизирање на истекувањата на супстанциите со проверување на истекувањата.

(13) Превентивните мерки заради минимизирање на истекувањата на супстанциите од ставот (12) на овој член со проверување на истекувањата вклучуваат:

- проверка на опремата која содржи супстанции во количина од три или повеќе килограми еднаш годишно,

- проверка на опремата која содржи супстанции во количина од 30 или повеќе килограми на секои шест месеци,

- проверка на опрема која содржи супстанции во количина од 300 или повеќе килограми на секои три месеци,

- санирање на секое откриено истекување колку што е можно побрзо, но не подоцна од 14 денови од денот на истекувањето,

- проверка на опремата од истекувања во рок од еден месец по санирањето на истекувањето за да се осигура дека поправката има ефект,

- евиденција на проверките на истекувањата од опремата и

- означување на опремата.

(14) Евиденцијата од ставот (13) алинеја 6 на овој член се води во евидентна книшка за проверка на истекувањата од страна на правното лице односно трговец поединец кое поседува средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење.

(15) Правното лице односно трговец поединец кое поседува средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење задолжително ја означува опремата која ја поседува согласно со ставот (13) алинеја 7 на овој член.

(16) Издадените, одземените и продолжените лиценци, како и лиценците кои престанале да важат, се евидентираат во Регистарот на лиценци кој го води и одржува стручниот орган на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и истиот се објавува на веб-страницата на стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина.

(17) Видот на категориите на лиценците од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина врз основа на видот на активностите за постапување со средства за ладење и/или производите кои содржат средства за ладење.

(18) Начинот на собирање, обновување и рециклирање на средствата за ладење го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(19) Формата, содржината и начинот на доставување на извештајот од ставот (11) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(20) Формата и содржината на евидентната книшка за проверка на истекувањата од ставот (14) на овој член, формата и содржината на ознаката од ставот (15) на овој член, како и начинот на водење на евидентната книшка ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(21) Формата и содржината на Регистарот од ставот (16) на овој член, како и начинот на неговото водење ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 22-в

(3) Надоместокот за полагање на стручниот испит од ставот (1) на овој член изнесува не повеќе од 10 евра во денарска противвредност.

Член 22-ѕ

(2) Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит пропишани со овој закон.

Член 22-и

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 22-к

(6) Во просторијата за полагање на првиот дел од испитот, за време на полагање на испитот треба да се присутни двајца претставници од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и еден претставник од Министерството за дигитална трансформација.

Член 22-л

(8) Овластените претставници од членот 22-к став (6) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

Член 22-љ

(5) Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

Член 22-у

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 24

(13) Спроведувањето на постапката за издавање на елаборати за заштита на животната средина, како и водењето на Регистарот може да се врши и на електронски начин.

Член 28-а

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги идентификува контаминираните подрачја на територијата на Република Северна Македонија согласно со начинот на идентификација на контаминираните подрачја од методологијата од ставот (4) на овој член и нивото на присуство на опасни супстанции од ставот (3) на овој член.

(2) Идентификацијата на контаминираното подрачје се врши врз основа на видот и нивото на присуство на опасни супстанции во медиумите на животната средина согласно со прописот од ставот (3) на овој член.

(3) Видот и нивоата на присуство на опасните супстанции во медиумите за животна средина за определување на подрачје како контаминирано, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

(4) Методологијата за идентификација на контаминирано подрачје ја донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина доставува предлог до Владата на Република Северна Македонија идентификуваното подрачје од ставот (1) на овој член да се определи како контаминирано, со утврдување на забранетите активности на истото.

(6) Владата на Република Северна Македонија со Одлука го определува идентификуваното подрачје од ставот (1) на овој член за контаминирано подрачје на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(7) При идентификувањето на контаминираните подрачја задолжително се врши мерење на нивото на присуство на опасни супстанции.

(8) За мерењето на нивото на присуство на опасни супстанции од ставот (6) на овој член, Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува годишна програма за контаминирани подрачја.

Член 28-б

(1) За подрачјето кое е утврдено како контаминирано согласно со членот 28-а од овој закон сопственикот на подрачјето подготвува План за управување со контаминирано подрачје, кој го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на одобрување.

(2) Владата на Република Северна Македонија го усвојува Планот за контаминирано подрачје на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(3) Планот од ставот (1) на овој член најмалку содржи:

- историјат на дејностите и активностите кои се одвивале на локацијата,

- хемиска анализа со која се одредува нивото на концентрацијата на опасните супстанции во медиумите на животната средина,

- ниво на концентрација на опасни супстанции во почвата,

- анализа на ниво на концентрација на опасни супстанции и споредба на ризикот за здравјето на луѓето и за животната средина во однос на тековното и идното користење на подрачјето,

- извештај од прелиминарна оценка и извештај од прелиминарното истражување;

- аналитичка стратегија за земање на примероци,

- работен план за карактеризација на подрачјето,

- извештај за карактеризација на подрачјето,

- проект за ремедијација со мерки, активности и видови на субјекти и

- содржина на извештајот за спроведена ремедијација.

(4) Планот од ставот (1) на овој член е составен дел на договорот или друг правен акт за стекнување право на користење или сопственост на контаминираното подрачје, и без негово приложување не може да се изврши заверка на договорот за купопродажба, додели концесија или основа јавно приватно партнерство.

(5) Формата и содржината на Планот за управување со контаминирано подрачје ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и министерот кој раководи со

органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството.

(6) Подготовката на Планот од ставот (1) на овој член за подрачје кое е идентификувано како контаминирано и е во приватна сопственост, сопственикот може да ја довери на домашно или странско правно лице или научна институција со искуство во постапувањето со контаминирани подрачја.

Член 28-в

(1) Владата на Република Северна Македонија за изготвување на Планот од член 28-б од овој закон за контаминирано подрачје кое е во државна сопственост формира Комитет за контаминирано подрачје составен од претставници од раководните структури на:

- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина,

- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството,

- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи

- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата и трудот,

- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа земјоделство, шумарство и водостопанство,

- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на одбраната,

- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од управување со кризи,

- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од заштита и спасување,

- единицата на локална самоуправа на чие подрачје се наоѓа контаминираното подрачје и

- домашни и странски научни и образовни институции со искуство во постапување со контаминирани подрачја како и во заштитата на медиумите на животната средина.

(2) Во работата на Комитетот за контаминирано подрачје (во натамошниот текст: Комитетот) можат да учествуваат и меѓународни експерти со искуство во постапувањето со контаминирани подрачја и заштита на медиумите на животната средина.

(3) Подготовката на Планот за управување со контаминирано подрачје, Владата на Република Северна Македонија може да ја довери и на домашно или странско правно

лице или научна институција со искуство во постапувањето со контаминирани подрачја, избрана согласно со прописите за јавни набавки.

(4) Комитетот може да биде формиран за постапување со едно или повеќе контаминирани подрачја.

(5) Комитетот го подготвува Планот за управување со контаминирано подрачје и истиот го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на одобрување.

(6) Владата на Република Северна Македонија го усвојува Планот за контаминирано подрачје согласно со членот 28-б став (2) од овој закон.

(7) Членовите на Комитетот за својата работа добиваат надоместок за учество во работата на Комитетот и тоа по учество на седница.

(8) Висината на надоместокот од ставот (7) на овој член, го определува Владата на Република Северна Македонија.

(9) Стручно-административните работи на Комитетот ги врши стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина.

Член 28-г

Спроведување на Планот за управување со контаминирано подрачје во државна сопственост

(1) За спроведувањето на Планот за управување со контаминирано подрачје од членот 28-б од овој закон, Владата на Република Северна Македонија ангажира домашно или странско правно лице или истото може да го довери на домашна или странска научна институција која ги исполнува условите од овој член согласно со прописите за јавни набавки.

(2) Општите услови кои треба да ги исполни правното лице од ставот (1) на овој член се најмалку тригодишно искуство во постапување со контаминирани подрачја, како и најмалку две спроведени ремедијации на контаминирани подрачја.

(3) Посебните услови кои треба да ги исполни правното лице од ставот (1) на овој член ги определува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во соработка со Комитетот согласно со активностите дефинирани во Планот за управување со контаминираното подрачје во зависност од карактеристиките на контаминираното подрачје.

(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го следи спроведувањето на Планот за управување со контаминирано подрачје од членот 28-б од овој закон.

(5) За спроведување на Планот за управување со контаминирано подрачје, правното лице од ставот (1) на овој член, доставува извештај за спроведување на Планот до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина согласно со временскиот распоред утврден во Планот.

(6) Извештајот за спроведена редмедијација од членот 28-б од овој закон, кој е составен дел од Планот за управување со контаминирано подрачје, правното лице од ставот (1) на овој член, го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(7) По спроведената ремедијација од страна на правното лице од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина доставува извештај за спроведена ремедијација на контаминираното подрачје до Владата на Република Северна Македонија.

Член 29

(9) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува одделните критериуми за одделните групи на производи и услуги кои треба да се исполнуваат за добивање на еколошка ознака, како и начинот и постапката за нивното утврдување.

Член 40

(4) Информативниот систем од ставот (1) на овој член опфаќа собирање, обработка, систематизирање, чување, искористување, дистрибуција и презентирање на податоци и информации добиени од државната мрежа за мониторинг, локалната мрежа за мониторинг, од мониторингот кој го вршат лицата од членот 36 на овој закон, на одделните медиуми и области на животната средина, како и податоците од членовите 41 и 42 на овој закон и Националната Книга на параметри за животна средина.

(5) Националната книга на параметри за животна средина од ставот (4) на овој член ја донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Националната книга на параметри за животна средина особено ги содржи називите на тематските целини, назив на индикаторите и поврзаноста со усвоените национални индикатори, дефиниции и поврзаност на параметрите со регулативата, класификација согласно движечки сили, притисок, состојба, импликации и реакции, степен на приоритет, методологија за пресметување, единечна мерка, начин на претставување, извор и сет на податоци и честота на собирање, обврска за известување, достапност на податоци, начин на доставување на податоци и краен рок за доставување на податоците поврзани со параметрите за животна средина.

(6) Формата, содржината, начинот на водење и одржување на Националниот информативен систем за животна средина, формата и содржината на обрасците и роковите за доставување на податоците и информациите за состојбата со животната средина од ставот (4) на овој член до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, начинот на управување со тие податоци и нивното публикување ги пропишува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 40-а

(1) Заради континуирано и ефикасно одржување и развој на Информативниот систем за животна средина, правните и физичките лица од членот 36 на овој закон, правните и

физичките лица кои вршат мониторинг на животната средина како дел од државната и/или локалната мрежа за мониторинг, како и правните и физички лица кои вршат мониторинг или собираат податоци за животната средина се должни да ги доставуваат податоците и информациите за животната средина до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина на начин и постапка утврдени со членот 40 став (5) од овој закон, како и со посебните закони.

(3) Податоците и информациите од ставот (2) на овој член, врз основа на барањето од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, можат да се доставуваат во писмена, визуелна, аудио, електронска и/или во која било друга достапна форма.

Член 45

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина секоја година изготвува годишен извештај за квалитет на животната средина во Република Северна Македонија.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во соработка со другите органи, организации и институции кои поседуваат податоци од областа на животната средина, секоја втора година изготвува индикаторски извештај за животната средина (во натамошниот текст: индикаторскиот извештај), а на секои четири години изготвува извештај за состојбата со животната средина во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: извештајот). Извештајот и индикаторскиот извештај се достапни на јавноста во согласност со одредбите од Главата VIII на овој закон.

(3) Извештајот и Индикаторскиот извештај од ставот (2) на овој член ги усвојува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Владата на Република Северна Македонија извештајот го поднесува до Собранието на Република Северна Македонија заради информирање.

(4) Формата, содржината, целите, начинот на изработка и видот и изворите на податоци кои се користат за изработка на извештајот, како и начинот на оценувањето на извештајот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(5) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да изготват извештај за состојбата на животната средина на нивното подрачје. Извештајот е достапен на јавноста во сoгланост со одредбите од Главата VIII на овој закон.

(6) Градоначалникот на општината, на општините во градот Скопје и на градот Скопје го доставува извештајот од ставот (5) на овој член, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, за одобрување.

(7) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е надлежен за публикување и дистрибуција на извештајот од ставот (2) на овој член.

(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за изработка на извештајот од ставот (2) на

овој член, формира координативно тело составено од претставници на органи, организации и институции кои поседуваат податоци од областа на животната средина.

(9) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на предлог на координативното тело, формира работни групи за изработка на делови од извештајот од ставот (2) на овој член.

(10) Координативното тело изготвува проектни задачи за секоја работна група од ставот (9) на овој член, по кои ќе се изготвуваат соодветните делови од извештајот од ставот (2) на овој член.

(11) Средствата за изготвување и публикување на извештајот од ставот (2) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и други извори на средства утврдени со закон.

Член 53

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го пропишува начинот и постапката на обезбедување пристап до информациите во врска со животната средина.

Член 54

(2) Доколку информацијата не може да се достави во бараната форма, субјектот од членот 52 на овој закон до кој е доставено барањето за информација е должен во рок од седум дена од приемот на барањето да го извести барателот за причината поради која информацијата се доставува во форма поинаква од бараната.

Член 55

(9) Против решенијата по жалбите од ставовите (7) и (8) на овој член може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

Член 65

(20) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и образецот на одлуката од ставот (6) на овој член и на формуларите за потребата од спроведување, односно не спроведување на стратешка оцена од ставот (12) на овој член.

Член 76

(2) Оценувањето од ставот (1) на овој член се врши преку определување, опис и процена на влијанијата кои ги има или би можел да ги има определениот проект во текот на неговата изведба, работење и престанок со работа врз:

- луѓето и биолошката разновидност,

- почвата, водата, воздухот и другите природни богатства, како и климата,

- историското и културното наследство, како и врз

- меѓусебните влијанија на елементите од алинеите 1, 2 и 3 на овој став.

Член 77

(2) Потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина се утврдува и со испитување на секој одделен случај, врз основа на карактерот, обемот и локацијата согласно со критериумите од ставот (1) на овој член, а имајќи ги предвид најновите научни и технички сознанија и решенијата во прописите со кои се определуваат најниските граници на емисии во животната средина.

*Проекти кај кои не се врши оцена на влијанието врз животната средина*

Член 78

(1) Владата на Република Северна Македонија, во посебни случаи на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, може да одлучи, испитувајќи случај по случај да не се врши оцена на влијанието врз животната средина, во целост или делумно за проектите, во случај на: - воена или вонредна состојба,

- за потребите на одбраната на Република Северна Македонија, доколку се утврди дека спроведувањето на постапката за оцена на влијанието врз животната средина има негативен ефект врз одбраната или

- потреба од итно спречување на настаните кои не можеле да се предвидат, а кои можат сериозно да влијаат врз здравјето, безбедноста, имотот на луѓето или врз животната средина.

(3) Покрај одлуката од ставот (2) на овој член на веб страниците од ставот (2) на овој член се објавуваат и информации за:

- влијанието на проектот врз животната средина,

- создавање на отпадот и отпадните води (вид и количина, присуство на опасни и штетни материи и супстанции и слично),

- влијанието на проектот врз биодиверзитетот,

- користење на природните богатства,

- меѓусебното влијание на елементите од алинеите 1, 2, 3 и 4 на овој став и

- адреса каде што можат да се доставуваат забелешки, мислења и предлози.

Член 79

(1) Постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина се состои од определување, опис, оцена и процена на директното и на индиректното влијание врз животната средина од спроведувањето или од неспроведувањето на проектот.

(2) Влијанието на проектот врз животната средина се оценува во согласност со состојбата на животната средина на засегнатото подрачје во времето кога се поднесува известувањето за намерата за спроведување на проектот.

(3) При оцена на влијанието на проектот врз животната средина се зема предвид:

- подготовката, изведувањето, спроведувањето и престанувањето со реализација на проектот, вклучувајќи ги и резултатите и ефектите од завршувањето на проектот,

- отстранувањето на загадувачките супстанци и враќање на засегнатото подрачје во поранешната состојба, доколку таа обврска е предвидена со посебни прописи и

- нормалното функционирање на проектот, како и можностите за хаварии.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа за животната средина, донесува детални упатства за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина кои ќе бидат земени предвид при спроведување на постапката.

Член 80

(1) Секое правно и физичко лице кое има намера да спроведува проект за кој постои веројатност дека е опфатен со членовите 77 и 78 став (1) алинеја 2 од овој закон (во натамошниот текст: инвеститор) е должно, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да поднесе известување за намерата за спроведување на проектот, како и негово мислење за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина (во натамошниот текст: известување).

(2) Инвеститорот е должен известувањето од ставот (1) на овој член да го поднесе до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во писмена и во електронска форма.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето, го известува инвеститорот за потребата од дополнување на известувањето.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, во рок од пет работни дена од денот на приемот на целосното известување, да го објави на начин определен во членот 90 став (1) точка 1 од овој закон.

(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува информациите што треба да ги содржи известувањето. Пропишаните информации треба да бидат доволни за органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да може да ја утврди потребата од оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

Член 81

(1) Постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина се врши за проекти определени согласно со членот 77 од овој закон.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува начинот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ја заврши постапката за утврдување на потребата од оцена на

влијанието на проектот врз животната средина, во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето во целост, според членот 80 од овој закон.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина со решение го известува инвеститорот за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Врз основа на известувањето, инвеститорот поднесува барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина.

(5) Решението од ставот (4) на овој член се објавува во рок од пет работни дена од денот на донесувањето, на начин определен во членот 90 став (1) точка 2 од овој закон.

(6) Против решението од ставот (4) на овој член, инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од осум дена од денот на објавувањето на решението.

(7) Правното и физичкото лице од членот 80 став (1) на овој закон, може при поднесувањето на известувањето за намерата за изведување на проектот да побара органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, истовремено да поднесе и барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина од ставот (4) на овој член.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува заедничко решение во кое е содржано и мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина од членот 82 на овој закон.

Член 83

(1) Инвеститорот е должен да ја подготви студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина потребна за спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и да ја достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во писмена и во електронска форма.

(2) Инвеститорот кој ја подготвува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ангажира најмалку едно лице од Листата на експерти од членот 85 став (1) на овој закон, кое ја потпишува студијата како одговорно лице за нејзиниот квалитет. Доколку студијата се изработува од повеќе лица, други експерти или правно лице, инвеститорот назначува најмалку едно лице од Листата на експерти кое ја потпишува студијата како одговорно лице за нејзиниот квалитет.

(3) Органите на државната управа, органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје кои поседуваат информации релевантни за изработката на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, се должни тие информации, на барање на инвеститорот, да му ги направат достапни, во согласност со членот 51 став (1) и членот 53 од овој закон.

(4) Во рок од пет работни дена од денот на приемот, односно комплетирањето, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја

објавува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на начин определен во членот 90 став 1 точка 3 од овој закон и ја доставува за консултации до општината или градот Скопје на чиешто подрачје треба да се спроведува проектот.

(5) Секое лице, органите на државната управа, градоначалниците на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, можат да го достават своето мислење, во писмена форма, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не е обврзан да ги земе предвид мислењата доставени по истекот на рокот од ставот (5) на овој член.

(7) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина утврди дека доставената студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина не ги содржи барањата пропишани согласно со членот 84 од овој закон, му ја враќа на инвеститорот и определува рок за дополнување или преработка, што не може да биде подолг од 40 дена, почнувајќи од денот на приемот на студијата.

(8) Ако инвеститорот не ја дополни студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во согласност со ставот (7) од овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја доставува студијата до лицето кое согласно со членот 86 од овој закон, е определено да го подготви извештајот за влијанието на проектот врз животната средина.

Член 84

Содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието врз животната средина ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 85-а

- да има високо образование (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 240 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)),

Член 85-е

(2) Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит, пропишани со овој закон.

Член 85-ж

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 85-и

(9) Овластените претставници од членот 85-s став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

Член 85-ј

(5) Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

Член 85-т

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 86

(1) Извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, го изготвува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или од него овластени лица коишто се наоѓаат во Листата на експерти за оцена на влијанија на проекти врз животната средина од членот 85 став (1) на овој закон.

(2) Лицето коешто се наоѓа на Листата од членот 85 став (1) на овој закон доколку го изготвил известувањето за намерата за спроведување на проектот, или мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или студијата за оцена на влијанието врз животната средина, нема право да го изготвува извештајот од ставот (1) на овој член.

(3) Изготвувањето на извештајот од ставот (1) на овој член, се врши врз основа на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, како и врз основа на мислењата доставени во врска со студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

(4) Со извештајот од ставот (1) на овој член, се утврдува дали студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ги задоволува барањата пропишани со овој закон и ги предлага условите кои треба да се утврдат со дозволата за спроведување на проектот, како и мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија.

(5) Рокот за подготовка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина не може да биде подолг од 60 дена од денот кога е доставена студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина заедно со мислењата по студијата.

(6) Рокот утврден во ставот (5) од овој член може да биде продолжен од оправдани причини, особено во сложени случаи, но не повеќе од 30 дена.

(7) Доколку при подготовката на извештајот од ставот (1) на овој член е утврдено дека постојат одредени недостатоци во студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина му ја враќа студијата на инвеститорот, кој треба да ја дополни или да ја доработи во рок не подолг од 30 дена. Кога извештајот се подготвува од овластено лице од ставот (1) на овој член, истото нема право да ја дополнува или да ја доработува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

(8) Инвеститорот е должен, на свој трошок, да ги обезбеди документите користени при изработката на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во

рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето за обезбедување на документите.

(9) Лицето од ставот (1) на овој член го доставува извештајот за оцена на влијанието на проектот врз животната средина до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во пишана форма.

(10) Во рок од пет работни дена од денот на изготвувањето на извештајот за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го доставува извештајот до органите на државната управа кои се надлежни за вршењето на дејностите на кои се однесува проектот и до органите на општината или на градот Скопје на чиешто подрачје се предвидува да се спроведува проектот и го објавува извештајот на начинот определен со членот 90 став (1) точка 4 од овој закон.

(11) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ја пропишува формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

(12) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува постапката за овластување на лицата од Листата на експерти од членот 85 став (1) на овој закон, кои ќе го изготват извештајот од ставот (1) на овој член.

Член 87

(1) Врз основа на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, јавната расправа од членот 91 на овој закон и добиените мислења, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 40 дена од денот на поднесувањето на извештајот од членот 86 на овој закон, носи решение со коешто дава согласност или го одбива барањето за спроведување на проектот (во натамошниот текст: решение).

(2) Решението содржи оцена за тоа дали студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина ги задоволува барањата пропишани со овој закон и условите за издавање на дозволата за спроведување на проектот согласно со членот 88 од овој закон, како и мерки за спречување и за намалување на штетните влијанија, а посебно:

- спречување на штетните влијанија врз животната средина како резултат на изведувањето на проектот,

- спречување, ограничување, ублажување или намалување на штетните влијанија,

- зголемување на поволните влијанија врз животната средина, како резултат на спроведувањето на проектот и

- процена на очекуваните ефекти од предложените мерки.

(3) Во рок од пет работни дена од денот на донесувањето на решението од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на

животната средина го доставува решението до инвеститорот, до органот на државната управа надлежен за издавање дозвола, односно решение за спроведување на проектот и до општината или градот Скопје на чиешто подрачје би требало да се спроведува проектот.

(4) Решението од ставот (1) на овој член се објавува во рок од пет работни дена од денот на донесувањето, во согласност со членот 90 став (1) точка 5 од овој закон.

(5) Решението од ставот (1) на овој член престанува да произведува правно дејство, доколку во период од две години од неговото донесување, не се отпочнало со спроведување на проектот. На барање на инвеститорот , важноста на решението може да се продолжи само доколку во периодот од две години нема значителни измени на условите во засегнатото подрачје, новите сознанија поврзани со основната содржина на студијата и развојот на нова технологија, што би можела да биде употребена во проектот.

Член 88

(1) Органот кој е надлежен за издавање дозвола, односно решение за спроведување на проектот за кој се врши оцена на влијание врз животната средина, нема да издаде дозвола, односно решение за спроведување на проектот доколку инвеститорот не го приложи решението од членот 87 на овој закон со коешто се дава согласност за спроведување на проектот или решението од членот 81 став (4) на овој закон со кое за проектот не се спроведува оцена на влијанијата врз животната средина, односно одлуката на Владата на Република Северна Македонија донесена во врска со проектите од членот 78 став (1) алинеја 2 на овој закон.

(2) Органот кој е надлежен за издавање дозвола, односно решение за спроведување на проектот за кој се врши оцена на влијанието врз животната средина, е должен веднаш да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за поднесените барања за спроведување на проекти за кои не е направена оцена на влијанијата врз животната средина, а кои се определени согласно со членовите 77 и 78 став (1) од овој закон.

Член 89

(4) Засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина имаат право, пред надлежниот суд, да поднесат барање за преземање привремена мерка забрана за спроведување на проектот во рок од 15 дена од денот кога дознале за донесување на дозволата, односно решението за спроведување на проектот од членот 88 став (1) на овој закон.

Член 90

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да го објави:

1) известувањето од членот 80 став (1) на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

2) решението од членот 81 став (4) на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, на Интернет страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

3) дека студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина од членот 83 на овој закон е подготвена и достапна за јавноста во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, на локалната радио и ТВ-станица, а нетехничкиот извештај се објавува на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

4) извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина од членот 86 на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

5) решението од членот 87 став (1) на овој закон со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија на Интернет страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и

6) местото и времето на одржување на јавната расправа од членот 91 на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на локалната радио и ТВ-станица.

7) кратка содржина на мислењето од членот 82 став (5) на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, на Интернет страницата, како и на огласна табла на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 91

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да ја одложи јавната расправа, доколку на неа не учествуваат инвеститорот, лицата кои ја подготвувале студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и во тој случај е должен да определи нов термин, најмалку пет работни дена од денот кога е прекината јавната расправа.

Член 93

(8) Трошоците за преводот на информациите од ставовите (5) и (7) на овој член ги сноси инвеститорот.

Член 93-б

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина по донесувањето на решението со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот истото го доставува до надлежниот орган на засегнатата држава, заедно со:

а) главните причини на кои се базира одлуката и

б) опис каде што е потребно, на главните мерки за избегнување, намалување и ако е возможно надоместување на штетните влијанија.

Член 94

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да организира јавна расправа на подрачјето на Република Северна Македонија кое би било најмногу погодено од спроведувањето на проектот.

Член 96

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, како и начинот на кој се поднесува барањето и документацијата која се приложува кон барањето од ставот (1) на овој член.

Член 97

(4) Против решението од ставот (3) на овој член барателот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Член 106

(2) Операторот може да поднесе жалба против решението од ставот (1) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

Член 108

(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува начинот и постапката за вршење на увидот од ставот (7) на овој член.

Член 115

(7) Операторот поднесува барање за обновување на А- интегрираната еколошка дозвола до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина најдоцна една година пред истекот на временскиот период од ставот (6) на овој член.

(8) Одредбите од овој закон кој се однесуваат на издавање на А- интегрирана еколошка дозвола, постапката, учеството на јавноста, условите и содржината на А-интегрираната еколошка дозвола, како и условите за поднесување на жалби ќе се применуваат и на постапката за обновување на А-интегрираната еколошка дозвола.

Член 116

(4) Ако органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина утврди дека со изведувањето на промената во работењето на инсталацијата нема да се надмине нивото на негативното влијанија врз животната средина, тој треба да ја измени А-интегрираната еколошка дозвола.

Член 118

(7) Операторите од ставот (1) на овој член имаат право да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението од ставот (3) на овој член само во однос на новите задолжителни услови утврдени во дозволата.

Член 119

(4) Носителот на А-интегрираната еколошка дозвола нема право на надоместок за штетата настаната со одземањето на А- интегрираната еколошка дозвола.

Член 124

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на барањето, како и начинот на кој се поднесува барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација која се приложува кон барањето.

Член 126

(9) Спроведувањето на постапката за издавање на Б-интегрираната еколошка дозвола, како и водењето на регистарот може да се врши и на електронски начин.

Член 127

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува начинот и постапката за вршење на увидот од ставот (2) на овој член.

Член 148

3) веднаш во случај на ставање на увид на друг извештај согласно со ставот (6) на овој член,

(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина по претходно добиено мислење од органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштита и спасување, органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата и трудот и органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи во рок од осум месеци од приемот на извештајот за мерките за безбедност:

- му ги испраќа заклучоците од своето испитување на извештајот за мерките за безбедност на операторот или

- го забранува воведувањето во употреба или продолжувањето со употреба на системот во согласност со членот 152 од овој закон.

Член 152

(7) Жалбата од став (5) на овој член не го одложува извршувањето на решението.

Член 157

(14) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е надлежен да го утврди операторот кој предизвикал непосредна закана од штета, односно еколошка штета, да изврши процена на значителноста на штетата, како и да ги определи мерките за ремедијација кои се во негова исклучива надлежност. На барање на органот на државната управа, процената ја врши операторот или друго правно и физичко лице.

Член 158

(4) Во случајот од ставовите (2) и (3) на овој член операторот поднесува барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, согласно со Законот за општата управна постапка.

Член 163

2) ја загадуваат животната средина со користење на моторни возила и пловни објекти; со производство или увоз на нафтени деривати и со увоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка;

Член 164

- видот и количината на увезените супстанци што ја осиромашуваат озонската обвивка.

Член 165

(1) Обврзникот за плаќање на надоместокот од членот 184 став (2) од овој закон може до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да поднесе барање за враќање на надоместокот за количината која е извезена.

Член 167

(5) Жалбата од ставот (4) на овој член не го задржува извршувањето на решението.

Член 179

(3) Висината на надоместокот што се плаќа за добивање на дозвола за увоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка, а се класифицирани со Анекс Ц, група I на Монтреалскиот протокол, изнесува 62,00 ден/кг.

Член 180

Во членот 180 став (1) по точката 5) се додаваат две нови точки 6) и 7) кои гласат:

„6) пловни објекти:

| Пловни објекти | | |
|---|---|---|
| Старост на возилото (години) | Моќност на моторот во (kW) | Надомест во денари за мотор на бензин, дизел, биодизел или гас |
| од 0 до 5 години | до 20 | 100 |
| од 6 до 10 години | | 150 |
| од 11 до 20 години | | 200 |
| од 21 до 30 години | | 250 |
| Над 30 години | | 300 |

| | | |
|---|---|---|
| од 0 до 5 години | 20-30 | 300 |
| од 6 до 10 години | | 350 |
| од 11 до 20 години | | 400 |
| од 21 до 30 години | | 450 |
| Над 30 години | | 500 |
| од 0 до 5 години | 30-40 | 500 |
| од 6 до 10 години | | 550 |
| од 11 до 20 години | | 600 |
| од 21 до 30 години | | 650 |
| Над 30 години | | 700 |
| од 0 до 5 години | 40-50 | 700 |
| од 6 до 10 години | | 750 |
| од 11 до 20 години | | 800 |
| од 21 до 30 години | | 850 |
| Над 30 години | | 900 |
| од 0 до 5 години | 50-60 | 900 |
| од 6 до 10 години | | 950 |
| од 11 до 20 години | | 1000 |
| од 21 до 30 години | | 1050 |
| Над 30 години | | 1100 |
| од 0 до 5 години | Над 60 | 1100 |
| од 6 до 10 години | | 1150 |
| од 11 до 20 години | | 1200 |
| од 21 до 30 години | | 1250 |
| Над 30 години | | 1300 |
| / | Без мотор | 0 |

7) Трактори од категориите Т и С:

| Трактори од категориите Т и С | | |
|---|---|---|
| Старост на возилото (години) | Моќност на моторот во (kW) | Надомест во денари за мотор на бензин, дизел, биодизел или гас |
| од 0 до 5 години | од 10 до 15 | 100 |
| | од 16 до 25 | 200 |
| | од 26 до 45 | 250 |
| | од 46 до 75 | 300 |
| | од 76 до 150 | 350 |
| | над 150 | 400 |
| од 6 до 10 години | од 10 до 15 | 400 |
| | од 16 до 25 | 450 |
| | од 26 до 45 | 500 |
| | од 46 до 75 | 550 |
| | од 76 до 150 | 600 |
| | над 150 | 650 |
| од 11 до 20 години | од 10 до 15 | 650 |
| | од 16 до 25 | 700 |
| | од 26 до 45 | 750 |
| | од 46 до 75 | 800 |
| | од 76 до 150 | 850 |

| | | |
|---|---|---|
| | над 150 | 900 |
| од 21 до 30 години | од 10 до 15 | 900 |
| | од 16 до 25 | 950 |
| | од 26 до 45 | 1000 |
| | од 46 до 75 | 1050 |
| | од 76 до 150 | 1100 |
| | над 150 | 1150 |
| Над 30 години | од 10 до 15 | 1150 |
| | од 16 до 25 | 1200 |
| | од 26 до 45 | 1250 |
| | од 46 до 75 | 1300 |
| | од 76 до 150 | 1350 |
| | над 150 | 1400 |

(2) Висината на надоместокот што се плаќа за домашни правни и физички лица што ја загадуваат животната средина со користење на пловни објекти при технички преглед на пловни објекти за период од една година изнесува 3% од основното осигурување.

(3) Обврзникот за плаќање на надоместокот од ставовите (1) и (2) на овој член е домашно правно или физичко лице на чие име е регистрирано моторното возило или пловниот објект.

(4) Од плаќање на надоместокот од ставовите (1) и (2) на овој член е ослободено домашното правно или физичко лице на чие име е регистрирано моторното возило или пловниот објект, доколку моторното возило или пловниот објект работи на електричен погон.

(5) Надоместокот од ставовите (1) и (2) на овој член за домашно, правно или физичко лице се пресметува и наплатува од страна на овластено правно лице за вршење на технички преглед во постапката на технички преглед на возилото, односно пловниот објект при регистрација на моторни возила или пловниот објект.

(6) Овластеното правно лице за вршење на технички преглед во постапката на технички преглед на моторно возило, односно правното лице надлежно за технички преглед на пловен објект е должно да води, одржува и чува уредна и точна евиденција на регистрирани возила и пловни објекти со пресметан и уплатен надоместок при нивна регистрација, согласно со членот 166 став (4) од овој закон.

(7) Овластеното правно лице за вршење на технички преглед во постапката на технички преглед на возилото, односно правното лице надлежно за технички преглед на пловниот објект собраниот надоместок од ставот (5) на овој член го уплаќа на сметката на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина еднаш месечно.

(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина склучува посебни договори со овластеното правно лице за вршење на технички преглед во постапката на технички преглед на моторно возило, односно правното лице надлежно за технички преглед на пловниот објект од ставот (5) на овој член заради обезбедување наплата на надоместокот.

(9) Овластеното правно лице за вршење на технички преглед во постапката за технички преглед на возила, односно правното лице надлежно за технички преглед на пловниот

објект од ставот (5) на овој член, најдоцна до 15 во тековниот месец, доставува извештај за уплатениот надоместок за претходниот месец до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во кој задолжително се содржани податоци за видот на возилата односно, пловните објекти кои се регистрирани, како и за финансиските средства кои се уплатени согласно со ставот (5) од овој член при регистрација на моторните возила, односно пловни објекти.

(10) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, може да побара дополнителни информации и документација како и да изврши увид во истата доколку утврди дека уплатените средства не соодветствуваат со категориите и бројот на моторни возила, односно пловни објекти како и доколку утврди други недоследности.

(11) Доколку овластеното правно лице од ставот (5) на овој член не постапува согласно со ставовите (6), (7) и (9) на овој член, односно вршат злоупотреба во делот на наплатата на надоместокот, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да поведе соодветна постапка за одговорност согласно со одредбите на овој и друг закон.

Член 184

(8) Во случај на извоз на нафтени деривати, за кои претходно е наплатен надоместокот од ставот (1) на овој член, обврзникот има право на враќање на уплатениот надоместок за извезената количина на нафтени деривати, во согласно со прописот од членот 165 став (8) на овој закон.

Член 198

4-а) да утврди дали правното лице односно трговец поединец кое врши увоз и/или извоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка известува за увезените и/или извезените супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка како и да утврди дали истите постапуваат согласно со прописот донесен врз основа членот 22-а од овој закон.

24) да изврши увид и контрола дали проектот се спроведува во согласност со мерките утврдени во решението со кое се дава согласност за спроведување на проектот (член 87 став (2));

Член 200

(13) Одземањето на предметите и постапувањето со истите се врши согласно со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

Член 203

(12) Одземањето на предметите и постапувањето со истите се врши во согласност со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

Делокруг на надзор на Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, Фитосанитарната управа и Државниот инспекторат за земјоделство

Член 204-а

(4) Формата и содржината на евиденцијата на изречените опомени ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Член 207

(3) Средствата од ставот (1) на овој член, за извршен надзор од страна на државниот инспекторат за животна средина се уплаќаат на посебна сметка на Државниот инспекторат за животна средина, а ќе се користат за покривање на трошоците од извршениот надзор.

Член 211

23) дали ги анализираат и ги тестираат, а онаму каде што е потребно и ги обновуваат и ревидираат надворешните планови за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанции во определениот рок (член 154 став (9));

Член 212-а

(8) Против одлуката на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

(9) Прекршочната постапка и изрекувањето на прекршочната санкција се води согласно одредбите на овој закон и Законот за прекршоците.

Член 212-е

4) не известува за увезените и/или извезените супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или со супстанциите и/или производите кои ја осиромашуваат озонската обвивка не постапува согласно со членот 22-а од овој закон;